СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Првото продолжение на Седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јануари 2003 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Седмата седница на Република Македонија.

Пратениците Славица Грковска, Каролина Ристева и Марија Којзеклиска, Марјан Ѓорчев и Рафет Муминовиќ ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

(дофрлање од место дека нема кворум)

Немаме потреба од кворум, затоа што сме во расправа по точките. Кворум треба само кога се изјаснуваме.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

Согласно на листата кога прекинавме со седницата, збор има г-динот Стаменков Ванчо.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

На оваа седница треба Собранието да го ратификува протоколот за членство во СТО. Со ова ќе влеземе во семејството на држави членки на СТО. Денеска ја имаме таа чест да расправаме по овој протокол, за што нашата држава мораше да исполни многу строги критериуми и услови поставени од СТО.

Самиот чин, што овој протокол е пред нас за ратификација покажува дека реформите што се спроведоа во изминатите четири години се патот по кој што треба да се движиме. Една од придобивките на овој договор односно протокол е и обврската да продолжиме на патот на реформи на нашата економија, што по мое мислење е од примерно значење за нашата држава.

Треба што побрзо, конечно, да се доврши со започнатите работи, како што е приватизација на државниот и општествениот капитал. А, приватизацијата на фирмите,

наместо да завршиме за две-три години како сите нормални држави, кај нас започна 1989 година и сеуште не е завршена. Оваа Влада, наместо да се насочи кон што побрза приватизација, зборува за ревизија на веќе завршени приватизации. Зборува за продадени фирми по високи дисконти, а според мене модел на узпешна приватизација е оној каде што фирмата загубар се рестартира и продолжува да работи профитабилно, а не поради цената по која е продадена. Имаме многу такви примери на успешни приватизации што се продадени со големи дисконти. Од една фирма која што правела огромни дупки во државната каса прераснала во успешна фирма што сега ја полни државната каса. Таков е примерот со ОКТА, со ФЕНИ, а еве најсвеж пример, мислам дека ќе тргне по патот на ФЕНИ и на ОКТА, е и Југохром - Јегуновце. Тоа е модел на успешна приватизација, а не бројќите што се кажуваат во јавните медиуми 90% дисконт, 99,7 или нешто друго. Рестартирањето на стопанството на македонските фирми што ова продолжување на приватизацијата ние озволилвме да прераснат во огромни загубари, како пример го посочувам “Руен”-Кочани, што до 1994 година немаше никакви долгови, а сега е веќе со 400 милиони денари долг, само затоа што на време не е завршена приватизацијата.

Друго нешто што исто така има приоритет е приватизацијата на јавниот сектор. Треба што побрзо да се отпочне со приватизација на јавниот сектор, на јавните претпријатија и на државно и на локално ниво. Да не дозволиме овие јавни претпријатија да ја доживеат судбината на производните претпријатија каде што државата беше доминантен сопственик. Затоа што, како што тргнаа работите ќе имаме огромен број на јавни претпријатија загубари кои што после тоа ќе треба да се санираат од пари на даночните обврзници односно од Буџетот на Република Македонија.

Знам дека е во тек една постапка, помагав некои организации што полесно односно што постручно да се заврши оваа приватизација на локално ниво. Како што е почнат тој процес на локално ниво, треба што побрзо да отпочне процесот и на државно ниво.

Треба да се отстрани што побрзо политиката од економијата. Тоа е исто така еден момент што фактички ќе се надоврзи на првите два. Кога ние ќе имаме приватно стопанство, приватен јавен сектор, многу полесно ќе се одвои политиката од економијата. Сега се случува да во бизнисот Длабоко е навлезена политиката. Не можеме да очекуваме развој на економијата додека ова не се оствари.

Според првите протези што ги влече оваа Влада, покажа дека има намера да ги уништи сите фирми, каде сопствениците не се наклонети кон нив. Пресијата што во континуитет во овие два-три месеци се спроведува преку упади на полицијата, на Министерството за финансии, создаваат лоша клима и се повеќе бизнисмени

размислуваат за затворање на своите фирми односно бизниси. Изгледа се оди во погрешна насока. Наместо да се развива и помага малиот бизнис, со постапките што ги спроведува оваа Влада, покажува дека сака целосно да ја уништи приватната иницијатива.

Треба да го заштитиме и го гарантираме имотното право. Сведоци сме дека може било кој граѓанин или група на граѓани да упадне на приватен имот, а полицијата односно МВР и надлежните судски органи не преземаат ништо. Ќе се запопсегнат во некоја фирма во некои простории и нема кој едноставно да ги истера од тој приватен имот. Тоа е секојдневна појава. Секој ден сме сведоци на вакви настани. Има луѓе кои купиле имот, фирми, пред повеќе години, а сеуште немаа владеење во тие фирми. Мора конежно да завладее правната држава и иа се спроведуваат законите. Не може луѓе кои дошле на некоја идеја да спроведуваат самоволие и да упаѓаат на туѓи имоти.

Зборуваме за намалување на корупцијата, дека оваа Влада ќе се бори за намалување на корупцијата. Ако направиме анализа во кои држави има најмногу корупција, ќе видиме дека тоа е случај до сиромашни држави. Таму каде што има сиромаштија има и корупција. Од тоа произлегува дека сиромаштија е двигател, иницијатор на корупцијата. Корупцијата кај нас ја има од најнисккото ниво, поаѓајќи од портирите, од најниското ниво, односно хигиеничарките па до највисоко ниво. Тоа е затоа што едноставно со личните приходи што ги има македонското семејство не може да се живее.Како пример ќе посочам дека еден пратеник има околу 30 илјади денари плата кои што само нему лижно не можат да му стасаат да живее, а не да носи одело од “БОС”, или да купува очила од  200 евра или да се храни по ресторани. Тоа покажува дека самиот стандард на живеење, што го диктира приходот односно платата е извор на корупција, односносно сиромаштијата. Така, граѓаните на Македонија се принудени да се снаоѓаат како знаат и умеат за да преживеат. Тука е изворот на корупцијата.

Затоа, оваа Влада треба прво да се бори да ја сузбие сиромаштијата а со тоа ќе ја сузбие и корупцијата. Не можеме ние да затвориме 1 милион луѓе, ќе ни требаат многу затвори. За да ја субиеме корупцијата на тој начин. Треба да се насочиме во насока да го подобриме животниот стандард на населението, односно да има подобри примања во Македонија. Кога претседателот на државата ќе има околу 400 илјади денари плата, тогаш ќе можеме да кажеме дека оваа држава направила нешто на полето на корупцијата на полето на сиромаштијата. Тоа значи дека сите плати во Македонија треба да пораснат за една нула повеќе. Тоа е потребно за да направиме подобро да се живее овде и да бидеме што помалку корумпирана држава. Сведоци сме при увозот на стоки дека фирмите увозници и извозници имаат огромни проблеми на царината Затоа треба да се

скратат процедурите при увоз и извоз на стоки и да се изврши, тоа е многу важно, едукација на царинските работници кои работат таму. Поради незнаење, не можат да се определат тарифите по кои што треба да се увезе стоката. Има доста грешки при работењето на царината, не од намерни причини туку од незнаење.

Инаку, кога го разгледав овој договор, посебно цената на тарифите видов една област, што доаѓа во втор план, односно една цела гранка на индустријата ќе дојде во подредена улога во однос на другите гранки. Тоа е гранката на машинството. Само еден мал дел овде од обработка на челикот со валање мислам дека му е определена правилан тарифа, односно тарифа што обезбедува сигурен развој на ова производство, на овој сегмент од машинството. Сигурно дека овие фирми ќе успеат да го искористат тоа за што побрзо да се вклучат и максимално ќе го искористат овој протокол за членство во СТО.

Но, што со другите? Ако се погледнат другите ќе се види дека најчеста тарифа во оваа област е 18%. Мислам во сите области. Тоа е тарифа од бившите СФРЈ, а имаа производи што се произведуваат во оваа област, во Македонија.Може да се каже дека се штити домашното производсво. Тоа би било погрешно бидејќи производствените капацитети што ги имаме во оваа област не се за домашниот пазар. Овие производни капацитети се за многу поголеми пазари, проектирани, така што треба да се отвори можност да ги освојуваат овие пазари.

Исто така, еден огромен дел од овие тарифи, производи воопшто ниту не се произведуваат во РМ. Едноставно, целото производство се увезува. Зошто да имаме така високи тарифи кога тоа не се произведува во Македонија.Еден дел на тоа производство порано се обезбедуваше од бившите Ју-простори. Сега, имаме договор за слободна трговија со овие бивши југословенски републики, може да се увезе, но што се случува? Има еден друг момент кога ќе се увезе од бившите Ју-простори, кои нас не рачунаат за домашен пазар а ни продаваат по многу повисоки цени. Ускратена е можноста на фирмите да увезуваат од членките на СТО, по многу пониски цени и многу поквалитетни производи. Така што сметам дека тука треба да се размислува, во таа насока, постепено да се намалат овие тарифи, а по мое мислење треба и целосно да се избришат, бидејќи овие производи се од примарно значење за една држава. Се употребуваат во сите области од индустријата.

Нареден момент што сакам да го спомнам е сегашните проблеми што ги имаат фирмите извозници. При увоз на стоки фирмите извозници ги плаќаат сите обврски што треба да ги платат при увозот. Плаќаат ДДВ, плаќат царини и тоа после треба да го враќаат.

Со ова и така изнемоштоното стопанство, посебно извозното, огромните капацитети што ги имаме ги преоптоваруваме и треба да има во резерва одредена сума на пари која што ќе им стои заробена во државниот буџет. Едноставно ова треба да се укине и оние кои што работат за извоз, само да се евидентира нивниот увоз, а да се врши построга контрола за тоа што материјал се внесува, дали е репроматеријал и што ќе се извезе. Така ќе ослободиме една поголема сума на пари за обртни средства и би можеле сигурно да ги вложат во зголемување на производството, во зголемување на буџетот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Стаменков само заради фактот дека јавноста е присутна да ве поправам, платата на пратеник не е 30 илјади, туку е некаде околу 23 илјади. Разликата е околу 30%, да не дојде до забуна.

Господинот Караџоски бара збор процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе денеска ја продолживме расправата што ја започнавме вчера во врска со протоколот за влез во Светската трговска организација, меѓутоа овде не гледам дека е присутен министерот за економија, кое министерство е носител на еден ваков проект. Одговорно би било министерот за економија да биде присутен, или пак неговиот заменик. Со оглед дека не ги гледам јас не знам колку можеме да се вклучиме во добра расправа, бидејќи се отвораат теми за разговор за кој што секако министерот за економија може да даде дополнителен одговор. Мислам дека ваквиот однос не е во ред, а од друга страна не знам дали воопшто имаме претставник на Владата во врска со оваа точка за да би можеле да продолжиме со расправа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на укажувањето.

Со оглед дека се работи за закон, за ратификација надлежно е Министерството за надворешни работи, а тука е присутна министерката за надворешни работи, госпоѓата Митрева и можеме да работиме согласно Деловникот.

Има збор г. Љубе Бошковски.

Се откажува.

Господинот Стојан Андов има збор.

Не е присутен.

Има збор г. Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитуван господине претседател, почитувана г-ѓо министер, почитувани претставници на Владата, дами и господа колеги.

Нема да претерам ако кажам дека денеска е извонредно значаен ден за Република Македонија. Ќе бидам доволно смел да го споредам со денот на Референдумот, со Одлуката на ова Собрание за самостојност, со приемот на Република Македонија во Обединетите назии.

Ние со денешното гласање кое би сакал да наликува на она од вчера, без против и без воздржани ќе ја воведеме Македонија во, за мене, заедно со Обединетите Нации најважната мултилатерална организација во светот, а тоа е Светската трговска организани.

Ако погледнете од нивната вистинска димензија ќе видиме дека во економијата лежи животот и во иднината на Македонија и правото на нашите граѓани да трагаат по својата среќа, лежи во создавањето на економскиот амбиент, на вклучувањето на македонската економија и нејзиното интегрирање во светот врз основа на што ќе можеме да кажеме конечно после 11 години Македонија го зазеде суверено своето место во семејството на народите.

Оттаму уверен сум дека денес ќе го изгласаме овој протокол и на тој начин ќе покажеме и ние како одговорни жени и мажи дека сме достојни на интересите на нашите граѓани кои сакаат да се видат себе си интегрирани во светот.

Истовремено со денешното гласање ќе преземеме и како пратеници, но и како граѓани извонредно голема обврска, бидејќи формалното зачленување е само почеток на еден долг процес чија што завршница треба да биде благосостојба на сите наши граѓани. Ние преземаме на себе вакви какви што сме со сите достигнувања и со огромен број на недостатоци да трчаме во една трка во која како земја во развој не можеме да кажеме дека стартуваме од исит позиции како и другите земји во светот и дека ќе бидеме за подолг период на време хендикепирани. Не би сакал да зборувам за тоа каде лежи нашата одговорност во отстранувањето на тие хендикепи.

Ние не ќе можеме повеќе да го затвораме нашето стопанство и автархично да го штитиме, и таму каде што треба и таму каде што не треба, бидејќи со денешниот протокол и со сите инструменти на СТО прифативме слободна конкуренција. И она малку заштита што постои, што е договорена, и која е нормална, бидејќи мора да има период на транзиција од сиромаштија во благосостојба има кус рок на траење без оглед на тоа

колку кус е, заради тоа што еден ден неминовно треба да заврши и понатаму рокови нема да има. Ние ќе треба во тој период да го приспособиме нашето стопанство, нашата севкупна економија да може да ги издржи ударите на конкуренцијата во која нема емоции, нема љубов, нема омраза, има само интереси и тие интереси ќе бидат предоминантни.

Како да го сториме тоа. Со сите документи од СТО ние сме обврзани веќе да пристапиме кон најшироки можни реформи и целосна либерализација на нашиот пазар без повластување на поедини субјекти на него. Но, ние сме мал пазар, мало стопанство, произлезено од еден процес на дезинтеграција не само на некогашна Југославија и на регионот, туку и на нас сега ни претстои не само реформа за да изградиме нови решенија, туку и на санирање на одредени последици кои во таа фаза на распаѓање ни падна нас како товар и се сериозна пречка во нашето натамошно развивање.

Оттаму со оглед на тоа што живееме во еден амбиент каде што постои како пример за решавање на вакви проблеми Европската Унија, ние пред некој ден присуствувавме на прославата на 40-те години од Спогодбата меѓу Германија и Франција за мир и соработка и ако погледнеме во тој правец, а очигледно со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и националниот консензус на сите наши граѓани, ние сакаме да бидеме делови од ЕУ, пред се како економска инстанца, а потоа и како политичка треба да престанеме да кажуваме само кои ни се амбициите и што сакаме, туку да почнеме на тоа и да работиме.

Оттаму би сакал да ја искористам оваа можност и да поддржам една иницијатива што почна во изминатите години, подоцна од нашиот напор за зачленување на СТО, а секако би можело да се каже коенцидира со преговорите за Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а тоа е градењето на слободни трговски односи на Република Македонија со сите свои соседи во регионот. Ние успеавме да го заокружиме тој процес и Република Македонија денеска има спогодби за слободна трговија со сите земји од Балканот со исклучок на Романија, а и таму работите привршуваат и според сигналите што доаѓаат од оваа наша многу блиска и пријателска земја и тој потфат ќе биде наскоро изведен. Со други зборови ние практижно денеска можеме да кажеме дека ова македонско стопаснтво колку што го имаме учествува на еден пазар од некаде 50-тина милиони жители во кои имаме една членка на ЕУ, два кандидата, два аспиранти, една држава во услови на создавање на физибили студија, тоа е Албанија и во близината се наоѓаат секако земји кои или се во статус на кандидати како Унгарија, или членки како што е Австрија. Знажи има еден погоден амбиент за остварување на оваа идеа.

Но, кога веќе ги имаме сите тие спогодби и кога веќе сме обврзани со денешниот глас да одиме на либерализација и на интеграција, тогаш зошто Македонија

да не преземе на себе, како што тоа беше и до сега, една улога на моторна сила, да не бидам претерано претенциозен, лидерно, а и тоа ни прилега кога веќе предничевме во градењето на овој облик на соработка со нашите соседи за создавање на една слободна трговска зона како предуслов кон повисоки облици на економско интегрирање без да мораме воопшто да се зафаќаме кон можностите на овој облик на интеграција и глобализација да му се наметне каков и да е политички облик кој не би одговарал на интересите на нашите граѓани и на нашите соседи. Значи, треба да почнеме да гледаме кон иднината и пред се кон одговорноста што произлегува од нашите обврски што денеска ќе ги преземаме да гледаме малку посовремено и да трагаме за посовремени односи на обединување, да го уброиме македонското стопанство во еден пазар од 50-тина милиони, а со оглед на тоа што сеуште за среќа постојат траги од претходната соработка на крупните системи, како што е енергетскиот сообраќајниот и за електронските комуникации, ние можеме на овие три извонредни значајни пазари каде што се јавуваа крупните инвестициони институции со средства да почнеме да создаваме еден облик на развој кој потоа преку вработувањето, преку потрошувачката ќе почне да создава, да генерира производство, да генерира побарувачка, па таа побарувачка ќе генерира понуда и ќе почне да се развива стопанството и ќе почнеме да создаваме еден амбиент во кој луѓето повеќе ќе мислат на тоа како да си го обезбедат утрешниот ден за да можат да сработат и да произведат нешто отколку како што досега премногу долго време требаше да ги решаваме фрустрациите кои произлегоа од цел еден комплексен процес со претераното занимање со политиката и со сеењето на меѓусебна неслога во моменти кога светот не трпи атомизираност особено на економски простор. Оттаму мислам дека денеска треба да бидеме свесни за тоа дека враќање назад од овој процес за интеграција во светската економија нема. Во тој процес нема повеќе место за старомодни дискусии и во тој процес нема повеќе место за старомодни стравови.

Ако успееме да создадеме еден амбиент на повисока економска интеграција на овој наш простор ќе успееме да го сториме она што е за нас сега историски предизвик, во кој веќе се вклучивме, а тоа е границата да ја елиминираме како економска бариера и на еден современ начин, како што е тоа сега беќе осведочено во Европа, да ја претвориме само во демаркациона линија која ќе ни овозможи во еден амбиент на економска благосостојба да го обележиме, очуваме и натаму да го развиваме идентитетот. Секаков друг поинаков пристап кон ова прашање, секое друго навраќање, кон тоа дали е заштитата доволна без претходно да се генерира доволно економска моќ, па кога ќе исчезне и таа таква заштита да бидеме доволно кадарни како стопанство да трчаме во таа беспоштедна трка на капиталот се друго ќе не води назад, ќе не води во

автархија, ќе не во несигурност, ќе не води во забрзување на она што на сите нас овде ни е извонредно важно, а тоа е да ја дочуваме нашата држава, да го зачуваме нашиот идентитет и да го дочуваме нашиот суверенитет.

Моето пледоаје и во името на кое предлагам, како и вчера без, кога беше во прашање одбраната на државата, така и денеска без гласови на воздржаност, без гласови против да ја превземеме оваа одговорност на нас и врз основа на примерот од овие два дена дека можеме да работиме таму каде што сите сме свесни дека зад нас стојат интересите на нашите граѓани да продолжиме така да работиме.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот  Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

На дневен ред е ратификацијата на протоколот за зачленување на Република Македонија во СТО и доста беше кажано од моите колеги, меѓутоа јас се пријавив како пратеник на ПДП да ја изнесеме нашата позиција и да кажеме дека ќе ја поддржиме ратификацијата на протоколот од веќе добро познати причини.

Со оглед на фактот дека тенденцијата на Република Македонија, како што беше тенденцијата за зачленување во Евроатланските структури, од друга страна многу е значајно да станеме членка на СТО како една мала земја со два милиони жители. Ќе имаме отворен пазар од 145 земји и многу други земји чии аспирации се да се зачленат во СТО. Голема помош преставуваше за Македонија договорите за слободна трговија со соседните земји, што отвори голем пазар. Затоа од голема предност ќе биде зачленувањето на Македонија во СТО, иако може слободно да кажеме дека оваа ратификација ќе биде голем чекор на Република Македонија. Но, не треба да заборавиме дека од друга страна ќе се соочиме со проблеми кои ќе произлезат во почетно време после полноправно зачленување во СТО. Меѓутоа сите треба да бидеме свесни дека треба да изнајдеме сили и механизми за да ја надминеме таа тешка ситуација со која ќе се соочиме идните години, затоа што во иднина ќе очекуваме подобри години за економскиот развој на Република Македонија.

Како што кажаа многу други колеги и јас би сакал да повторам дека со оглед на фактот што иднината на една земја се заснива врз економскиот развој на таа земја, а

кога една земја ќе ја регулира својата економска ситуација тогаш граѓаните помалку се занимаваат со политички прашања. Сега се соочуваме со голема политизација на населението. Ова е држава каде што има повеќе невработени отколку вработени, нивниот стандард не е регулиран, нивната егзистенција не е регулирана и голем дел од македонските граѓани се прашуваат и се надеваат дали можат да преживеат од први до први месецот, дури и со ситуација дали воопшто еден ден можат да преживеат. Затоа зачленувањето во СТО ќе биде многу значајно во однос на подобрувањето на стандардот на жителите и таа да стане компатабилна со стандардите на ЕУ, со оглед на фактот дека наша аспирација е да станеме член на ова европско семејство. Сигурно со зачленувањето на Македонија во СТО ќе се создадат и нови услови за економијата. Познато е за Република Македонија дека таа постоеше во рамките на една поголема држава која беше наречена Југославија и сите производни капацитети се градеа за еден пазар од 20 милиони граѓани, без разлика дали тоа е текстилна индустрија или други гранки. Се разбира дека капацитетите се преголеми за Република Македонија, но од друга страна не ни треба да заборавиме дека Македонија функционира со застарена технологија и не може да биде конкурентна со другите земји кои се членки и се зачленуваат во СТО. Со нашето зачленување во СТО ќе создадеме услови за инвестирање на странски капитал во Република Македонија.

Ќе може да дојде до израз слободната конкуренција во државата и квалитетен производ кој ќе биде во согласност со европските и светските стандарди, како што е сега Македонија со своите производи и со квалитетот на своите производи, се разбира дека ние не можеме да бидеме конкурентни со нашите соседи, а камоли подалеку или да бидеме извезувачи на производи кои би биле прифатени од другите држави кои навистина имаат традиција, кои имаат висок квалитет и кои имаат услови за создавање на квалитетно производство.

Со зачленувањето на Македонија, со самиот факт иако претходно рековме дека и претстои тежок период сепак мислам дека по извесно време ќе се создадат нови услови на стопанството во Македонија преку либерализација на царинските тарифи, како што рече министерот вчера, преку заштита на производството на Македонија, меѓутоа, немаме сметка да ги заштитуваме производите ако не ги произведуваме ние кои имаме толку високи царински давачки или акцизите за возила. Значи, еден производ кој не се произведува во Република Македонија се царини и оданочува два пати повеќе. Сега незнам кого ние заштитуваме, дали ги заштитуваме земјите кои ги произведуваат тие производи и ги експлоатира Република Македонија. Значи, во иднина ќе има една либерализација која ќе биде во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Освен што ќе имаме слободна конкуренција, заштита на производи од домашно производство, не заштита на странските производи, ослободување од додатните давачки, меѓутоа, освен тоа нашето зачленување ќе даде подлога за нови инвестиции кои ќе бидат добредојдени во Република Македонија затоа што сите наши напори од осамостојувањето на Македонија се насочени ккон овозможување на влез на странскиот капитал во Република Македонија. До сега сме свесни дека тие се многу мали, а основни за развој на економијата во државата.

Затоа, мислам дека освен што ќе се поттикнат странските инвестиции, изградба на разни индустриски гранки сигурно ќе се помогне и санацијата на тие капацитети кои ќе можат да прават квалитетно производство и конкурентно на светскиот пазар.

Да не се заборави дека Владата треба да игра значајна улога за да бидеме посвесни и да помогнеме во иницирање на инвестициите. Значи, Владата треба да им помогне на претпријатијата кои се содржани во владината програма да се помогнат малите и средните претпријатија, на тој начин ќе се помогне привлекување на странските инвестиции и ќе излеземе од оваа ситуација.

Не би сакал да должам, ова што го кажав беше во функција на тоа дека ќе го подржиме протоколот, ние ќе гласаме за и со вклучувањето на оваа организација очекуваме подобри денови, не само во однос на економскиот развој, туку и на другите сегменти затоа што економијата е столб на еднса држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, учесници

Светската трговска организација е единствена трговска организација во светот која се бави со трговски правила, либерализација на светска трговија предизвикува либерализација на трговијата со што зачленување на Република Македонија во Светската трговска организација претставува една неопходност не дсасмо поради потребата за учество во современите трговски развојни принципи, туку и чекор понапред во зачленување во Европската унија што е условено со зачленување во Светската трговска организација.

Република Македонија официјално ќе стане члена на Светската трговска организација по завршувањето на 30 дена од денот на ратификацијата на Протоколот кој се состои од следните документи:

- Информација за членување која на сумарен начин е одсликана значи течението на разговорите на работните групи кои ги имаат сите обврски за хармонизација на Спогодбата на Светската трговска организација кои Македонија ги има преземено;

- Листа на обврски во трговијата со стоки, документ во кој се опфатени резултати од билатералните разговори и преговори со сите заинтресирани земји, членки во областа на трговијата со стоки или поконкретно олеснување во врска со царинските давачки;

- Листа на обврски во трговијата со услови каде се предвидени резултати од разговорите во врска со сето ова.

Со приклучувањето на Република Македонија кон Светската трговска организација произлегуваат општи, но и посебни обврски.

Општите обврски произлегуваат од одредбите на Спогодбата на Светската трговска организација преку преговорите кои сме ги воделе, а особено се резултат на преговорите на секоја држава посебно во текот на процедурата за зачленување.

Поради овие обврски кои произлегуваат со зачленувањето во Светската трговска организација потребно е сериозно да се размислува за начинот како Македонија ќе се прилагоди кон новиот статут како членка на Светската трговска организација, затоа сметам дека активноста во иднина треба да биде ориентирана кон постигнување на неколку цели и тоа: реализација на обврски кои произлегуваат од зачленувањето и искористувањето на механизмите кои ги имаат на располагање земјите членки на Светската трговска организација.

За постигнување на овие цели Владата на Република Македонија треба да се концентрира на имплементацијата на преземените обврски за зачленување кон Светската трговска организација преку хармонизација на законите и подзаконски акти, со правилата на Светската трговска организација и хармонизација на процедура на државната администрација и начинот на реализација на процедурата за создавање трговска политика со цел за поефикасна реализација на обврските и искористувањето на предностите што произлегуваа од зачленувањето.

Исто така, сметам дека заради подобро соочување со негативните ефекти кои можат да произлезат од ова зачленување добро е да се формира едно работно тело кое ќе работи ексклузивно со проблемите во врска со Светската трговска организација да се зголеми бројот на лица кои ќе се бават со работата, значи со мисиите на Република

Македонија во Светската трговска организација во Женева, да се зголеми процедурата на економската соработка за специфични мерки во трговиајта и создавање на една политика - глобална трговска политика.

Зачленувањето во Светската трговска организација претставува право што има големо влијание врз развојот на државата, како што е елиминација на секој вид дискриминација на производи од Македонија на светскиот пазар. Доколку се случи обратното, Република Македонија има право да ги искористи механизмите за разрешување на проблемите со посебен договор во рамкит на Светската трговска организација за решавање на споровите и обезбедување на реална реализација на сите обие работи.

Како членка Република Македонија во иднина ќе има право да земе учество во сите идни мултилатерални разговори кои ќе се одвиваат во рамките на системот на Светската трговска организација. Во моментот, колку мене ми е познато, има неколку разговори, преговори на министерската конференција започнато во ноември 2001 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Јашари.

Збор има господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Овде имаме пред нас еден акт од извонредна важност, актот за ратификација на протоколот за пристаспување на Република Македонија во Светската трговска организација, акт кој по долгорочното значење, комплексното значење е поважен и од пристапување на Македонија во Светската банка.

Сакам да ви кажам дека ова е долгорочен документ кој ги дефинира односит на Македонија со светскиот пазар и македонскиот пазар го прави препознатлив за сите светски партнери.

Ние имавме интензивна активност во минатата година кога овде утврдувавме некои закони кои не можеле да поминат во Собранието во претходниот состав во последните шест месеци од неговото работење, сакам да потсетам, не можеа да поминат поради тоа што ги работевме законите од Рамковниот договор, но и што едно 15-тина закони моравме да усвоиме кои беа услов за да можат да се завршат преговорите со Светската трговска организација.

На тие проекти има дадовме предност за да се овозможи во октомври да биде примена Македонија во членство на Светската трговска организација, а сега да го донесеме закнот за ратификација.

Сигурно има многу обврски кои треба да ги сработиме понатаму, тие обврски произлегуваат од приспособувањето на македонското стоанство на одредбите, на правата и обврските  што сме ги постигнале во овие преговори и што сега ќе станата наше секојдневие кај нас. Еден дел од правата можеби некои стопанственици уште нема да ги знаат, треба една популаризација да се знае точно што содржи овој документ, а исто така и кај обврските треба да се подготви една програма за структурно прилагодување од причина што кога некоја земја не е членка на Светската трговска организација може да развие автохтон систем, систем кој не води сметка за условите за трговија во светот и тој систем на предности кои се даваат на одредени субјекти, фирми или гранки може да услови нивно одржување во живо, нивно вештачко проширување, т.е. развивање на економија која на светскиот пазар ќе нема можност да пројде.

Затоа е потребна една организирана активност, колку што го слушав министерот за економија, тој ни соопшти дека се планира една таква организирана активност, што е добро. Сега не го гледам министерот овде, патем сакам да е овде, добро би било да му честитам за коректниот однос што го изгради спрема оваа материја и коректниот однос спрема “Југохром” и работниците на “Југохром”, овој пат сакам и ним да им честитам што “Југохром” почна да работи, бидејќи морам д ви кажам пред два и пол месеци многу бев песимист, уплашен од онаа хајка која беше во медиумите стимулирана од владеачките кругови дека таму има многу криминал, дека тоа е криминален договор, дека треба да се раскине, но фала Богу имало умни луѓе таму, се повлекоа, им текна дека таа линија не чини и го пуштија во погон “Југохром”.

Главната предност во оваа ситуација што ќе ја има Македонија е како што реков предноста на препознатливост на нејзиниот пазар за сите партнери во светот. Тоа е многу значајно, а носи и друга предност, автоматското станување на корисник на клаузулата за најповластена нација. Вие знаете дека додека не бевме член и додека не сме член на Светската трговска организација ние сме се обидувале да добиеме ексклузивно право на користење на таа клаузула кај земји кои сме ги смтале за пријателски земји или да избегнеме казна или за да го прошириме пазарот на наши производи во тие земји. Тоа беше чест случај со САД. Но, се разбира другите земји го почитуваат владеачкиот поредок и тоа не ни успеваше. Со овој договор ние го решаваме тој проблем и сега немаме никави причини околу тоа да размислуваме.

Сите наши договори за слободна трговија по преговорите со Светската трговска организација и нашиот прием во таа организација станува и од тој аспект легални за сите светски трговски партнери со целиот наш багаж на уреденост на нашите односи со другите земји, некои од нив не се членки на Светската трговска организација уште преговараат, ние веќе си ги имаме тие предности, тоа е исто така многу значајно.

Затоа, ние, како што рече и господинот Крстевски кој беше учесник на Меѓународниот совет кога беше примана Македонија во Светската трговска организација, ние пратениците од Пратеничката група на Либералната партија сметаме дека треба сите дасго гласаме овој закон и да гласаме “за”, заради тоа што сме убедени дека ретко тешко дека ќе имаме во овој мандат некој поважен закон од овој.

Затоа, еве изјавуваме како ние ќе постапиме, а ги повикуваме и сите да гласаат за законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Андов.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација.

Ве молам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 68 за, нема против, еден гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

(По гласањето)

Гласале 72 пртеника, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска органзација.

На сите оние кои се од почетокот до крајот вклучени во овој процес и на сите граѓани на Република Македонија, како и на сите вас овде во Парламентот Ви го честитам овој чин.

(Аплауз во салата)

Сега треба да очекуваме, согласно Законот, околу 5 март да станеме полноправна членка на Светската трговска организација.

Преминуваме на Осмата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 74 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласал 71 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 74 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа.

Преминуваме на Деветтата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конзуларниот договор меѓу Република Македонија и Реублика Турција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес по Предогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конзуларниот договор меѓу Република Македониа и Република Турција.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 74 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 75 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2..

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен оде Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Илинка Митрева, министер за надворешни работи.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека амандманот се прифаќа, тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжувам со  претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстто на Предлогот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 77 пратеници, од кои 76 за и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конзуларниот договор меѓу Република Македонија и Република Турција.

Преминуваме на Десеттата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал,нелегалнаа трговија со наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законо, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претресе по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Нелко Стојаноски.

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Мислам дека и по повод Законот за ратификација треба да истакнеме неколку работи.

Ние од пратеничката група на ЛДП ја поздравуваме одлуката на Владата за засилување на соработката и координацијата со соседните земји на органите кои се одговорни за одржување на јавниот ред, спречување и борба против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори и други кривични дела.

Чувствувам потреба во оваа прилика да истакнам уште неколку факти кои ја потврдуваат потребата од донесување на ваков закон за борба против овие социопатолошки појави од потежок вид. Тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со дроги, оружје и слично не претставуваат локална закана за некоја земја или помал регион, туку меѓународни проблеми со кои се соочува целокупната светска заедница која треба да ги здружи своите напори и да ја засили соработката меѓу државите, како би им се застанало на патот на овие современи зла. Претпоставувам, на сите ви е познат фактот дека периодот наречен транзиција во нашата држава но и во другите посткомунистички земји беше проследен со масовно осиромашување, економски тешкотии, опаѓање на животниот стандард, невработеност и слично. Тоа имаше за последица пораст на криминалитетот и другите видови на социјални девијации. Особено е карактеристично што кај нас се појавија и нови облици на криминална дејност, порано непознати, како рекетарство, организиран криминал и слично. Таквата состојба доведе до институционална нестабилност, загуба на довербата во јавните институции и сериозни консеквенци врз граѓаните во нивната адаптација на таквата ситуација. Меѓу посериозните проблеми од овој вид и кои последните години зедоа зачудувачки размери се тероризмот, оганизираниот криминал,илегалната трговија со дроги и оружје, нелегалната миграција и други. На ваквата состојба особено и погодува процесот на глобализација, кој започна со трговијата и транспортот, но особено забрзување доби како резулат на комуникациската и информатичката револуција. Со тоа државите се најдоа пред нов предизвик да неможат да го контролираат протокот на добра и луѓе и преку нивните граници. Државите во транзиција се сретнаа со големи предизвици да се справат со меѓународните закани од криминалните мрежи, кои се стремат кон максимализација на можностите за нелегален бизнис и профит. Од друга страна, минимизирање на ризиците од активностите на оганите за заштита на законот. Ова

би го нарекол темна страна на транзицијата и на глобализацијата, бидејќи на овој начин беше олеснет трансферот на добра, луѓе и пари, но беше олеснета и трговијата со дрога, оружје, странци со нелегален престој, рапидно ширење на валканите пари, платени убијци и терористи и криумчарење од секаков вид, па дури и на нуклеарен материјал. Слободниот проток на луѓе, информации, идеи претставува навистина глобален феномен, со тенденција на негово натамошно интензивирање. Денешните средства за комуникација овозможуваат голема мобилност, а бројот на деловни состаноци, туристички патувања и одмори во други земји доби размери досега непознати. Се воспоставуваат нови деловни врски, но исто така се овозможува и движење на трговците со дрога од областите каде таа се произведува до потрошувачките пазари на Западна Европа и САД. Република Македонија се наоѓа на Балканскиот пат на дрогата, од каде таа се шверцува спрема Западна Европа, а еден дел се задржува на домашниот нарко пазар. За брзината на ширењето на оваа современа епидемија и за последиците што таа ги остава зад себе, особено врз младата генерација во нашава држава овде не би се осврнувал.

Доста комплексен е аспектот на современата мобилност. Комплексен аспект на современата мобилност претставуваат миграциите. Луѓето ги носи желбата да ја избегнат сиромаштијата, конфликтите и репресијата и да обезбедат повисок животен стандард и заради тоа постои голем бран на миграции. Меѓутоа, за државите во транзиција се појавува посебно проблемот со илегалната миграција, која ги поткопува владините напори за следење и контрола на државната територија. Со овој проблем се сретнува и нашата држава како сериозен проблем.

Покрај споменатите многу сериозни проблеми, исто така друг проблем претставува организираниот криминал. По дефиниција организираниот криминал и дејност на криминални организации кои во дослух со полицијата, судството, извршната власт и со примена го чуваат монополот или приоритетот во некоја дејност, најчесто од стопански век. Организираниот криминал не знае за граници и криминалните организации настојуваат да се вградат во постојните системи и да влијаат преку свои луѓе во државните органи, преку давање дозволи за крупни зделки и корумпирање на важни функционери. Се разбира, денес само воопштен о можеме да зборуваме за организираниот криминал, бидејќи за него тешко се прибираат податоци. Меѓутоа, постоењето криминални дела од типот изнудување пари за заштита која не е барана, или попозната како рекет, трговија со дроги и оружје, подведување на проституција, трговија со бело робје, искористувањето на даночни и царински бенефиции, шверцот со злато, цигари, автомобили, перењето

пари, убиства по порачка, терористичките акции и слично укажува дека овој вид криминал постои во нашата земја, дека се покажува како исклучително штетен и го нагризува општеството економски, безбедносно и во секој друг проблем. Заради големата општествена опасност на делата од ваков вид, потпишувањето на ваков договор сметам дека ќе придонесе за поефикасно спречување и откривање на ваквите кривични дела, за што предлагам да се забрзаат активностите и таквите договори да се потпишат и со другите земји околу нас.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Стојановски.

Има збор господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, сакам да го истакнам задоволството што оваа Влада го следи работењето на претходната Влада во борбата против организираниот криминал и што го предложи за ратификација овој договор кој е потпишан во февруари 2002 година. Мислам дека овој договор ќе овозможи соработка на две земји кои навистина во својата практика се сретнуваат со доста силни форми на организиран криминал.Често пати прозивани во светот, често пати сами сме сведоци на последиците од таквиот организиран криминал, каде трговијата со луѓе, трговијата со оружје, трговијата со дрога, нелегалната трговија со цигари, фактички зема замав и од овде се потврдува дека и едната и другата земај всушност се вклучени во некои синџири, дека се јавуваат како посреднички земји, како земји низ кои минуваат тие текови и кои ако имаат организиран и добар приод можат да дадат крупен придонес не само на искоренувањето или барем битното намалување на организираниот криминал во нашата земја и во Бугарија туку можат да придонесат и за искоренување на тоа зло во пошироки размери. Исто така, мислам дека на тој начин ќе ја добијат и симпатијата и на оние земји кои низ Македонија од други средини добиваат испорачување на огромен контингент пред се на дрога. Сакам да ви кажам дека интервенцијата во Ав ганистан толку беше силна и темелна да ја разруши власта на Талибанците, сеуште неможе доволно да го спречи извозот на дрога од таа земја. Таа и сега останува најзначаен извор на хероин и се што се произведува од хероин. Според тоа се среќаваме со многу голем и долгорочен проблем и е многу добро што македонските влади се подготвени да обезбедат континуитет во својата политика и

својата ориентација и само на тој начин фактички можат да добијат поширока и потемелна доверба и кај партнрирте  во светот.

Од тие причини, Ве известувам дека Пратеничката група на Либералната партија ќе гласа за оваа ратификација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги молам пратениците што се во холот да влезат, бидејќи ќе преминеме на гласање.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела.

Пред да преминеме на гласање, ве молам, пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на  пратениците во салата.

(По пребројувањето)

Има доволен број на пратеници во салата.

Ве молам да преминеме на гласање.

(По гласањето)

Гласале 65 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 63 пратеници, од кои 62 за и 1 воздржано.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 65 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, нелегална миграција и други кривични дела.

Преминуваме на Единаесеттата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачката Република, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Љупчо Балкоски.

ЉУПЧО БАЛКОСКИ:

Почитувани пратеници, пред да се донесат овие два закони за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачката Република и вториот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Сојузна Република Германија, сакам да напоменам дека овие две спогодби се потпишани 2002 година.

Сакам да напоменам  дека  овие две спогодби се потпишани во 2002 година и тоа со Словачка на 15 мај 2002 и со Германија  на 16 јули 2002 гдина. Со овие спогодби се утврдени принципите за вршење на редовниот воздушен сообраќај, начините за утврдување на летовите за летање, ослободувањето од царниа и другите давачки, како и висината на аеродромските надоместоци и утврдени се принципите на воздухопловната сигурност и безбедност. Сите спогодби што се потпишани се со цел да се иницира и да се зголеми економската соработка помеѓу земјите со кои имаме потпишано вакви спогодби. Се надевам дека и сегашната Влада и Министерството за транспорт и врски ќе продолжат со овие активности во насока на  уредување на воздушниот сообраќај со други земји.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата  за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачка Република.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници и сеите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 61 пратеник гласал за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Словачката Република.

Минуваме на точка 12 - Предлпог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за трговска и економска соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за трговска и економска соработка.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 65 пратеници гласале за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за трговска и економска соработка.

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Сојузна Република Германија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието мју предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Сојузна Република Германија.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 68 пратеници гласале за и еден воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраЌај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Сојузна Република Германија.

Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за ратификација на конзуларна конвенција меѓу Република Македонија и Романија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конзуларната конвенција меѓу Република Македонија и Романија.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конзуларна конвенција меѓу Република Македонија и Романија.

Точката 15 веќе ја донесовме.

Минуваме на точка 16 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија.

Предлогот на одлуката и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 пратеник гласал за, воздржано гласал еден пратеник и еден пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за одбележување на јубулејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија.

Минуваме на точка 17 - Предлог на одлука за одбележување на 100-годишнината на македонската државност 1903-2003 година.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Господинот Зуди Џелили.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, наместо денес пред нас да ја имаме Предлог-програмата за одбележување на значајни јубилеи и на значајни личности за 2003 година, ние имаме само еден Предлог-одлука за одбележување на

100-годишнината на македонската државност. Со оглед на фактот дека оваа годишнина подразбира многу значајни настани поврзани со историјата на Македонија, може слободно да се каже дека ова претставува само половина програма. Зошто се случува ова и зошто се прават исклучоци, овој настан да се уредува со посебна одлука, затоа што оправдувањата досега биле банални. Цитирам, за да се добие во време, затоа што процедурата за одобрување на програмата е многу долга. Зошто ова оправдување не важи и за другите значајни настани. Доколку имаше добро расположение денес пред нас ќе се усвоеше целата програма. Меѓутоа, ова може да го сфатиме поинаку дека оваа годишнина да помине со посебна одлука и подоцна доколку Комисијата за култура не стигне да се разбере, да се договори за предложените датуми, албански датуми, а програмата воопшто не се усвои. Затоа, на состанокот на Комисијата јас гласав против и ќе го задржам истиот став и денес.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на гопсподинот Џелили. Јас колку што сум запознат Комисаијата во два наврати веќе расправаше и е пред крај со целовитата програма, така што не треба да се плашиме дека нема да имаме програма.

Господинот Јордан Михајловски има збор.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Господине претседателе, токму се јавив да го дадам појаснувањето кое веќе и вие го дадовте, меѓутоа, штом веќе се јавив за збор да кажам неколку збора. Во Комисијата нема никакви дилеми околу тоа дека нема да успееме да ја донесеме програмата за одбележување на настани и личности во оваа година. Меѓутоа, имавме проблеми околу усогласувањето на одредени настани. Заклучок на Комисијата за култура беше да се консултираат научните институции и ние сме веќе во таа постапка. Штом ќе заврши таа постапка Комисијата мислам дека веднаш ќе ја утврди програмата и ќе ја предложи на Собранието да ја усвои.

Меѓутоа, сакам да кажам неколку збора за оваа одлука. Навистина, проблем е факторот време. Со оглед на тоа дека се работи за еден исклучително значаен настан, одбележување на 100-годишнината од конституирањето на македонскада

држава, сметавме дека заради тоа што ќе бидат ангажирани повеќе институции, повеЌе стручни луѓе, за да имаме време достојно да го одбележиме овој јубилеј, се одлучивме затоа и денес да одиме со овој предлог тука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Стојан Андов бара збор.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Ние ја следевме работата на оваа комисија на програмата и мислиме дека заради контраверзите што таму, барем јавноста што ги спомна и што беа присутни сметам дека правилно постапиле што предлагаат ваква одлука за оваа прослава на 100-годишнината од Илинденското востание. Мислам дека не треба да има никој кој ќе се огради или ќе го задржува ставот и да ги врзува работите за друго, затоа што се работи за 100-годишнина на најважниот историски настан во македонската историја. За, фактички, првичното установување во трага, би рекол, на државата која сега ја викаме Република Македонија. Од таму, мислам дека споредувањето на оваа прослава и поврзувањето со другите барања нема основа и би требало да бидеме доволно толерантни и разбрани и да ги оставиме работите да си течат. Очекувам Комисијата да ги разјасни спорните прашања и да заземе еден коректен став, а сепак, по оваа одлука да се изјасниме , за да може да почне работата врз програмата за прославата и за да може да се извршат сите подготовки и да се вклучат сите инстанци што треба оваа година да ни овозможат една убава прослава.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на господинот Андов.

За збор се јави господинот ТалатЏафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Иако тука се даваат образложенија и од Комисијата за култура, гледам дека образложение дава и господинот Андов. Меѓутоа, мислам дека тие образложенија не држат од две причини.

Државноста на Република Македонија во континуитет од 100-годишнината што треба да се одбележи, не ја носи само македонскиот народ, туку ја носат и сите други кои живеат тука. Конкретно, тоа што го кажаа претходните говорници или не го читаат до крај членот 2 од Предлогот на одлуката или така им се допаѓа. Тоа се однесува на членот 2 што предвидува 100-годишнината да се однесува на минатото на македонскиот народ и претставниците на другите етникуми кои живеат во Македонија. Додека во членот 4 со оваа 100-годишнина се опфаќаат сите настани кои се однесуваат само на македонските граѓани, на македонскиот народ. Јас разбирам дека 100-годишнината од Крушевската Република е во 2003, но незнам каква врска има 125-годишнината која со оваа одлука ;посебно се означува на раѓањето на Лазар Поп Трајковски или раѓањето на Ристо Узунов со 100-годишнината на македонската државност. Дали можеби со оваа 100-годишнина на македонската државност нема ниеден момент, кој би кореспондирал со учеството и постоењето на албанците на оваа територија, кога веќе се знае дека во самото основање на Крушевската Република активно учествувале и албанците. Затоа, би рекол дека образложенијата кои вие ги давате тука, не држат. Со ова сакате да ја избегнете одговорноста односно таквата голема важност, која што ја истакнува господинот Андов, тоа се однесува на фактот дека континуитетот го држат двата етникуми и сите други на оваа територија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да ве потсетам да не направиме забуна предлагачи на ова не се Комисијата за култура, четири пратеника, да ги одвоиме тие две работи.

За реплика се јавува г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, нема далеку да одиме ако нашите денешни односи сакаме да ги рефлектираме на состојбите 1903 година што се дигнале на востание тогашните. Мислам дека тоа треба да го препуштиме на научните работници ако утврдат и кога ќе утврдат важен настан за учество на другите, сигурно дека и тој треба да се одбележи на Илинденското востание. Но дека Илинденското востание се декларирало дека прави држава на територијата на Македонија, тоа произлегува од документите. Но исто така, ги повикува сите и прогласува хумани принципи на уредување на таа држава и на организирање на борбата, ги повикува сите наи

соседи. И мислам дека нејзините акти се најпрогресивни за времето во кое се дадени. Не треба да фрламе сега сомневање, сега наназад да ги изедначуваме нашите погледи со денешните погледи, денешните разидувања што ги имаме и т.н.

Затоа, јас сум сепак за тоа ние да гласаме за одлуката и тоа сите да гласаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г-динот Џафери, имате една минута.

ТЕЛАТ ЏАФЕРИ:

Јас ќе го замолам г-динот Андов да го прочита гласно членот број 2 како прво.

Второ, треба да се знае дека историјата треба да се зачува, да не се повикуваме на минатото, но над се еден од изворите на конфликти е историско минато. Среќа е дека историското минато на немакедонците во Македонија, некој сака да го избрише. Вистина е дека сме реалност како историско движење на овие простори и она не држи што го вели г-динот Андов дека не треба да водиме сметка за историјата, туку само станува збор за историско прашање. Затоа г-дине Андов да го прочитате член 2 до крај и тогаш можеме да зборуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓата Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници мислам дека воопшто нема потреба да се отвара прашањето за важноста за одбележувањето на Стогодинината од Илинденското востание, бидејки воопшто не постои дилема околу значењето на овој јубилеј и доколку се прочита одлуката која гласи Одлука за одбележување на Стогодишнината на македонската државност, значи не на македонскиот народ. Што значи одредени политички фактори ја негираат  македонската државност, односно почетоците на македонската државност, а тоа навистина, не оди во прилог на една политичка партија, што е партиципиент и во Собранието на Република Макеоднија и во извршната власт која се декларира, како што кажува дека го има во нејзината политичка партија, желбата за интегрирање во институциите на системот, во општеството која се залага за соживот, за мир, за братство, единство и т.н.

Факт е дека поради факторот време не е донесена интегрално одлуката за одбележување на сите настани, кои ќе се случат оваа година за одбележување на

настани и личности, но факт е дека се сака да се избегне контраверзната дискусија која ќе се развие претпоставувам, на парламентарната седница инаку, исто онака како што беше развиена и на Комисијата за култура , кога се негираше македонската историја и најзначајните настани од македонската историја и ние бевме доведени во ситуација да се правдаме и да даваме објаснвуање зошто ги прославуваме најзначајните настани од македонската историја.

Мислам дека во интерес и на времето и на желбата да покажеме дека сите сакаме да бидеме конструктивни и водиме и грижа и сметка за нашата држава , треба да гласаме и да подржиме оваа одлука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Џелили Зиди.

ЏЕЛИДИ ЗИДИ:

Токму кога ја оспорив оваа дилема, го имав предвид факторот време, затоа што некои годишнини, значајни годишнини на албанскиот народ во Македонија треба оваа година, бидејки е јубилејна година треба да се прослават.

Во медиумите прочитав дека се подготвени совети за означување односно одбележување на овие годишнини, доколку тие поминат во програмата што Комисијата ќе ја предложи до Собранието, тогаш овие одбележувања на годишнините ќе бидат финансирани од државни институции.

Доколку пак не успеат да се вклучат во програмата овие институции кои ги формирале овие совети ќе ги одбележат овие годишнини, а тоа не придонесува кон иднината на земјата. Ние посебно и без подршка на државните институции да ги одбележуваме овие годишнини.

Факторот време е многу значаен за овие датуми, значајни датуми и за албанскиот народ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Џафери Вие баравте реплика. Имате три минути.

Меѓутоа, јас ќе ве замолам да не почнеме уште пред прославувањето на Стогодишнината да се претвори во прославување на поделбите во Македонија.

Има збор г-динот Кирил Дојчиновски.

ТАЛАТ ЏААФЕРИ:

Напротив г-дине претседателе, идејата и целта на мојата дискусија не беше во насока на негирање на правото на македонскиот народ за државност, туку поентата на мојата интервенција е дека на нас како Албанци ни е негирано правото на континуитетот во државотворноста на еднакво ниво со Македонците. Се работи за еден период од Сто години во кои заедно сме учествувале во сите најзначајни сегменти во историјата на оваа држава. Затоа не држи она што го кажа госпоѓата Самоиловска дека некој го негира правото на државотворност на македонскиот народ, а посебно кога се работи за партнер во коалицијата. Не се работи за коалицијата, туку се работи за Стогодишнината на државата во чие формирање сме придонеле и ние како Алабнаци, односно како немакедонци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓата Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Прво незнам за која коалиција мислеше. Јас не спомнав коалиција, колку што знам ние не сме во коалиција.

Прво, никој не го негира правото за прослава на значајни настани и годишнини и личности од историјата на албанскиот народ, кој допринеле за државотворноста во Република Макеоднија.

Понатаму, би сакала да кажам дека постојат строго утврдени критериуми и правила според кој се бираат значајните настани и личности за прослава и одбележување на јубилеите и

Трето, мислам дека беше испратено писмо до сите научни институции, до факултетите, до здруженија на граѓани и т.н. за да достават предлог до Комисијата за значајни настани и љубилеји кои сметаат дека треба да се одбележат оваа година.

Јас колку што се сеќавам, не беше пристигнато ниту едно име од историјата на албанскиот народ во Република Македонија кое учествувало во Илинденското востание, па претпоставувам од тие причини нема таква личност ставена за одбележување по одлуката која ја имаме денеска пред себе. Никој не го негира правото, постојат строго утврдени критериуми и правила за одбележување на значајни настани и личности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Кирил Дојчиновски.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас сум еден од потписниците пратеници на оваа Предлог одлука за одбележување на Сто годишнината на макеоднската државност 1903-2003.

Прво мислам дека овој Парламент има привилегии, што во негово време се соочуваме со прославата на ваков јубилеј одбележување на Стогодишнината од макеоднската државност. Пред се, мислам дека од тој аспект би требало да и дадеме целосна подршка на оваа одлука, од сознание што оваа одлука ја предлагаме за да направиме проток на настаните во текот на целата година, онака како што тие доликуваат да се одбележат.

Ако таа одлука ја одложиме, или не ја донесеме, ние ќе се соочиме прво да почнеме да одбележуваме настани, а да немаме никаква ни програма, ни одлука, што не е во ред.

Што се однесува конкретно до оваа одлука која што предлага да биде 2003 година цела јубилејна, по однос конкретно на овие прашања, ние набележавме само некои од оние прашања што се значајни за Илинденското востание, Крушевската Република и пропратните други личности и настани. Беше прашањето зошто Стодваесет и пет годишнината од раѓањето на Лазар Поп Трајков и Стодваесет и пет годишнината од раѓањето на Христо, личности кои што се врзани со овој настан.

Но, морам да спомнам и нешто друго. Ако не е донесена оваа одлука, ние не можеме да пристапиме кон формирање на одбор за одбележување на Стогодишнината. Тој одбор е телото што нам треба да ни предложи програма, тоа всушност е друг акт, не е овој, со сите активности, личности и настани.

Ние најдобронамерно во Комисијата застанавме овде, затоа што добивме дополнително предлози и од други членови на Комисијата, за да му дадеме шанса, доколку навистина се оцени дека некој од нив можат да влезат, да си најдат место што одборот треба да ја предложи до Собранието.

Од друга страна, морам да кажам дека оваа година ние нема да одбележуваме само Стогодишнина од државотворноста. Оваа година ќе се одбележуваат и други личности и настани, што можеби не се поврзани со овој чин. И тие ќе си најдат свое место во таа нова програма за одбележување на личности и настани. Тука е хендикеп на Комисијата за култура што практично се најде во

ситуација на самата седница да се носат предлози. Такви предлози ни не можеме да прифатиме, ниту можеме веднаш да ги вклучиме во програмата. Тоа е причината што наредната седница кога ќе го формираме одборот и потоа одборот ќе ни понуди програма ќе ги имаме комплетно овие настани што заслужуваат да влезат за одбележување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван господине претседателе, колеги и колешки пратеници,

Во некоја друга ситуација воопшто не би се јавил за збор. Меѓутоа, со оглед на тоа дека претставникот на Демократската партија на Турција зеде учество во расправата на Комисијата за култура, вов рска со програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2003 година и со оглед на тоа дека неговиот настап во одредени кругови зеде загрижувачки коментари, должен сум од оваа говорница да ве информирам за следното.

Прво, истапот на пратеникот на Демократската партија на Турците не е негов личен став, туку е став на Демократската партија на Турците.

Втора работа, поизтветувањето на неговиот настап со поставување под знак прашање на лојалноста на Турците на овие простори е загрижувачки од едноставна причина, што од оваа говорница немам потреба да зборувам во насока на тоа дека турскиот елемент континуирано бил за Република Македонија. Према тоа , ислишно е од оваа говорница да се зборува за некоја лојалност.

Втора работа настапот на пратеникот на Демократската партија на Турците го проблематизираше само еден елемент од програмата за одбележување на годишнини и значајни настани и истакнати личности во 2003 година, а тоа е политизирање во врска со Солунските атентатори.

Во Предлог одлуката денеска што е на дневен ред во четвртата точка стои повторно во тој склоп на настани кои се одбележуваат повторно влегува одбележување на денот на Солунските атентатори.

Нашите поплаки беа во таа насока. Сметаме дека со оглед на современите меѓународни стандарди, одбележување ден на атентати не е најцелисходен и не би требало да најде место во оваа програма. За поздравување е што на седницата на Комисиајта за култура се покажа спремност да се прифатат и предлозите на

припадниците на другите етнички заедници за одбележување на н астани и личности од сферата на тие етнички заедници и јас се надевам дека и предлозите на Демократската партија на Турците ќе најде место во таа програма. Меѓутоа врзување на приговорите само за една работа во оваа програма со генералниот став на Турците на овие простори е сепак работа која што загрижува и јас мислам дека доколку вака се продолжи ќе има сериозни импликации , не само врз Турците на овие простори туку и за ставот на Република Турција. Ова не го кажувам како мое лично размислување, туку од сознанијата што ги имам од досегашните контакти.

Отука ни на крај памет не ми е да го ставиме под знак на сомневање прославата на Стогодишнината на Илинденското востание. Ние никогаш не сме биле против да се одбележуваат вакви историски настани, меѓутоа, приговорот ни е во сместувањето на одбележувањето на денот на Солунските атентатори, кои што сметаме дека се врши политизација со одредени историски настани на овие простори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г-дине Хасипи, сепак, ќе ве молам да не претеруваме. Тие атентати се вршени во услови кога имало окупација од една држава врз Македонија и се легитимна борба за слобода во тој случај, така што немојте да ги поисповетувате со атентати во мирнодобско време и да ги сведувате вон од борбата за слобода на Македонскиот народ.

Сега овде има пријавено 7-8 пратеника.

Прво да видиме кои се јавија за реплика, за да влеземе повторно во ред. Ќе ги читам тие што ќе се изјаснат за реплика и ќе добијат збор.

Вејсели? за збор, Чашуле? за збор, Андов? за реплика, на кого? на Хасипи. Имате три минути.

СТОЈАН АНДОВ;

Господине претседателе, дами и господа го ценам ова појаснување на г-динот Хасипи дека забелешките искажани од Ердоган на седницата на Комисијата не се став на Турците во Македонија и не се доведува во прашање лојалноста на Турците. Турците се чесни граѓани на Република Македонија и тоа го покажале во безброј наврати и ние ги цениме, се разбира, и немаме никаква забелешка. Така и не сме помислиле. Меѓутоа, повторената забелешка за Солунските атентатори, г-динот претседател нешто кажа, сакам да кажам дека приговорите фактички се прават со

едно некритичко и едно непромислено настојување да се спојат некои современи погледи со некои состојби од 1903 година.

Господинот Гајуп Сарач зборуваше за тоа дека тие луѓе правеле листа да убијат Турци. Тие правеја листа да убијат функционери на една застарена тиранска отоманска Турција, против која само по пет години се дигна и турскито народ со уриетот, а подоцна се дигна целиот турски народ да си ја уреди модерната држава на чело со Ататурк некаде 1922 година.

Оттаму , мислам дека бранењето на позициите на функционерите османлии кои навистина во еден нереформиран феудален систем задржувале однос према рајата . Бунтот на рајата и спремноста да ги лишат од живот таквите функционери , овие атентатори, навистина не може да се изедначува со некој тероризам, туку тие луѓе, навистина ги прават херои и во очите на Македонскиот народ и во очите на сите поробени тогаш што биле.

И оттаму, тој приговор не држи , треба да отпадне и треба да се усвои програмата како што е сега.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Дојчиновски имате 3 минути реплика.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Јас бев еден од тие кој реплицирав на Комисијата за култура. Навистина бев изненаден од таквата дискусија. Станува збор за следното, ние не правиме историска дистанца. Практично многу режии низ историјата паѓале и владееле. Тоа не е поврзано со нивните народи.

Конкретно, искажаната мисла дека со внесување на овој настан ќе навредиме 300 милиони турци во светот, тоа беше искажано и затоа се реплицираше, ние не можеме да го сфатиме така, затоа што тогаш би дошло дека и Младотурците, кои само пет години после тоа се кренаа против тој режим исто така ги навредија 300-те милиони турци во светот. А, благодарение на тоа оваа држава Турција што многу ја ценам и многу нî цени пратично владее. После тоа настапи оној режим што го донесе Кемал Ататурк и оној режим кој ја воспостави модерна Турција.

Од тие причини мислам дека таквиот однос на поистоветување на работите, не држи. Уште повеќе не држи тоа што овој настан се одбележува со средства што турското население ги плаќа во Македонија итн. итн. Тоа не можеме да го прифатиме. Тука треба да застанеме, или, да седнеме, да прочитаме некоја

литература повеќе па да знаеме за што зборуваме. Од тие причини мислам дека не држи во оваа расправа што сега ја водиме по овие конкретни случувања.

И уште нешто. Солунските атентатори се саможртва. Никој не загина, невин цивил. Секаде каде направија дејствија ги повикаа граѓаните кои се внатре или луѓето, да ги напуштат објектите. Според тоа, не е тоа вистина дека се правени списоци.

Болагодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Трндафилов.

(Господинот Хасипи бара збор)

Господине Хасипи што барате?

КЕНАН ХАСИПИ:

На мојата дискусија имаше две реплики. Барем на едната да одговорам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате право ако побарате. Вие, досега не побаравте.

Барате контра реплика, на кого?

КЕНАН ХАСИПИ:

На дискусијата на г-динот Андов.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате право на една минута реплика.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Прво, морам да признам дека ми е многу непријатно од позиција на припадник на турска национална заедница да спорам на оваа тема. Ќе ми се имплицира емотивност и незнам што.

Јас му благодарам на г-динот Андов  за часот по историја што ми го одржа. Меѓутоа, сакам да кажам уште нешто.

И Солунскиот конгрес и смртта на Гоце Делчев и Крушевската Република и смртта на Питу Гули и смртта на Јордан Силјанов - Пиперката, да не набројувам понатаму се дел од историјата на Македонија и во нив не гледаме ништо спорно. Ние гледаме спорно во оваа точка во тоа што со модерите гледања од денешен аспект не би било добро ние да одбележуваме таков настан.

И, една друга работа. Медиумите толкуу ова го доведоа на едно такво ниво што сме доведени во ситуација, сакале или не, да го браниме ставот. Спорд тоа, да се тоа имплицира дека сме биле за тоа да продолжи Отоманската империја во тој облиг каков што бил досега и дека тоа имплицира дека би биле и против младотурската револуција сасмо ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Времето за реплика ви истече г-дине Хасипи.

За реплика се јави г-дин Трендафилов.

Бидејќи овде има десетица реплики ќе го применувам стриктно времето, инаку до вечер нема да завршиме само со репликите.

Повелете г-дине Трендафилов, имате право на реплика од 3 минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Логото под кое се загинати Солунските атентатори, Велешките гемиџии гласи:”ќе се арчиме за слободата на Македонија”. Се надевам дека г-динот Ќенан Хасипи има намера, доколку се усвои неговиот предлог, да дојде од среде Велес да ја тргне спомен плочата што е посветена на Гемиџиите и да забрани барем една третина од велешките народни песни што се пејат по повод активностите врзани за Гемиџиите.

Исто така, се надевам дека во фолклорната традиција ќе пронајде инструмент, како што така елегантно се случи во текот на минатата седмица кога во РМ, престана да се применува Одлуката за Велигденскиот распуст, па од следната година ќе почне да размислува да се забрани дури и Велигден.

Толку.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам,

Господине Хасипи имате една минута реплика.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Не сакав да реплицирам, меѓутоа, е тешка квалификација, сакам да му се обратам на претходниот говорник и на крај памет не ми е тоа. Меѓутоа сакам да кажам дека тој, со неговиот настап би требал да прошета низ цела Македонија и таму каде се испишани имињата на Турците кои паднале за оваа држава, да ги избрише.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ве замолам сите, затоа што мислам дека полека, ама сигурно ќе се отклони расправата во несакана насока, а уверен сум дека во РМ, сите сме горди што

можеме оваа година 100 години од Илинденскотовостание да прославиме, без разлика на вера и нација, затоа што сите учествувавме и тогаш и денес во македонската држава во вербата за нејзина слобода. Меѓутоа, не можам да го прекинам овој низ на сериозни, на големи јавувања на реплики. Само ќе ве замолам да не се отклониме. Почнуваме да се повторуваме и мислам дека ќе навлеземе во ситуација во која што цела историја ќе ја подигнеме во воздух и ќе ја дебатираме.

(Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов бара збор за реплика)

Господине Трендафилов немате право на контрареплика. Вие имавте реплика од три минути на неговото излагање а тој има право на реплика на вашето од 1 минута и тука завршува.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска, реплика од три минути.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Се чувствувам многу изнанадена кога денеска на овој ден, по оваа точка се разви една ваква дискусија. Имено, многу од досегашните дискусии претставуваат можеби тема што треба да се дискутира на наужни собири. Дел од нив досега, веќе и се дискутирани на научни собири во нашата јавност. Да ги оставиме и натаму да се разгледуваат на местото на кое што треба.

Во овој момент му предлагам на парламентот да ја усвои одлуката што е предмет на дненвиот ред затоа што Илинден, без сомнение, е еден од најсветлите датуми во македонската историја воопшто. Тоа е денот што ја разбранува целокупната светска јавност, европска јавност, и овозможи целата прогресивна демократска јавност во Европа да застане на страната на Македонија. Не гледам зошто сега да се дискутира кој е позаслужен кој е помалку заслужен кога тоа веќе го знаеме.

Не само чест на Парламентотот, туку чест и на сите генерации сега кои живееме е тоа што токму сега ја славиме стогодишнината од еден значаен празник Илинден и сите настани што се порзани со него. Токму поради тоа, Либерално демократската партија дава поддршка на оваа Одлука дава поддршка оваа година што е можно највеличенствено и достојно да се одбележи еден ваков значаен празник за нашата земја.

Благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам. Ценам дека ова не беше реплика.

Господинот Мавровски Спиро има збор, право на реплика од три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал да кажам неколку зборови за Солунските атентатори. Ако и после 100 години дојдеме во ситуација повторно да ги осудиме,  тие почнаа со она “ќе се арчиме” најдобрите и најмладите патриоти на Македонија кои зад себе не оставија ни фотографии затоа што во нивните срца беше Македонија и оваа држава што, се надеваме, денес ќе треба да ја градиме како Македонија. Тие кои останале живи после тие атентати во Солун биле осудени од Турскиот султан на 101 година. Некои преживеале па стасале и Бугарскиот цар да ги осуди повторно на 100 години.или смрт. Завршија како што завршија и во нашата држава осудени ако некои беа, тука би го кажал Павел Шатев, како човек, еден од најзаслужните поради кого и ние денеска седиме во овој Парламент,  заврши така како што заврши со двајца луѓе на неговиот погреб во Битола. Долго време после тоа, не беше познат ни неговиот гроб во Битола. Еве, пред неколку години се успеа и тоа да се најде каде е, да се возобнови, за голема среќа.

Ако сега дојдеме во ситуација тие млади луѓе кои се жртвуваа за Македонија да бидат прогласени овде и од нас за атентатори и дека не треба повеќе во нивна слава ништо да не се каже и ги поистоветуваме со некои денешни настани што се случуваат во Македонија, мислам дека воопшто е далеку од поаметот да го кажеме ние тука во Македонија.

Благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Хаписи имате право на една минута реплика на господинот Мавровски.

КЕНАН ХАСИПИ:

Не во својство на реплика...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако не е во својство на реплика, не ви давам збор.

КЕНАН ХАСИПИ:

Не, ќе ве молам, ќе ве молам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Што барате, само кажете ми. Господине Хасипи кажете ми за што се јавивте.

КЕНАН ХАСИПИ:

Сега ќе кажам.

Немам намера веќе никому да му реплицирам, сакам да ве информирам дека одлуката ја прифаќаме, меѓутоа во врска со овој настан нашиот став си го задржуваме.
Благодрам.
НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Самоиловска Цветанова реплика на г-динот Хасипи, имате три минути.
ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Господинот Хасипи кажа дека прави разлика помеѓу Гоце Дел;ев, Јордан Силјановски - Терцата, Јордан Поп Јорданов - Орцето, и Солунските атентатори. Јас не гледам разлика помеѓу ликот и делото на споменатите, бидејќи нивната единствена цел била борбата против Османлиската империја. Така што утре ќе се доведеме во ситуација да биде негиран ликот и делото на Гоце Делчев и на останатите револуционери. Тој рече дека мора да го брани својот став, затоа што изјавата на неговиот колега земала невидени размери во медиумите. Морам да кажам дека секој е свесен, треба да биде свесен што изјавува во јавноста и во медиумите и како тоа ќе прозвучи.

Благодрам.
НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам

Сега се враќаме на расправа по Предлогот на одлуката.

Има збор г-динот Абдулади Вејсели.
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Се вклучив во дебатата за да се дообјаснат репликите што се случија околу Солунските атентатори, бидејќи се започна да се разговара на повисоки тонови, од разни политички провинијенции и затоа сум принуден на самиот почеток да кажам дека на никому не му паѓа на памет дека ние негираме нешто во однос на одбележување на некоја годишнина, но, претходно многумина од овде не треба да губиме многу време, бидејќи станува збор за факторот време и многу брзо доаѓа времето за одбележување на овие годишнини. Доколку со ова одолговлекуваме, ќе дојдеме воситуација да немаме програма.

Ја прашувам Комисијата за култура да не е во прашање и времето на одбележување на годишнини што се однесуваат на Албанскиот народ  во РМ? Ќе

дојде денот на одбележување а ние нема да имаме подготвени програми за одбележување, како што тоа со години го правевме без поддршка на Парламентот и другите институции во РМ.

Затоа мислам дека би било многу добро од страна на Комисијата за култура и од страна на овој парламент да се донесе интегрална програма за одбележување на годишнини и личности и други нстани што се случилње во РМ, од нивното основање, со Програмата што ја имаме пред нас од 1903 година. Така, во овој парламент се гледа многу јасно дека има дисонантни тонови и дека има големи поделби на национално ниво. Некој ги прави овие делби во РМ. Јас би му рекол на пратеникот Андов дека Албанците не треба да ги смета како нереален народ во РМ, туку како рамноправен народ на Македонија, бидејќи имаме Охридски договор и треба да работиме во духот на договорот. Тој може да ги смета за нелојални, бидејќи Албанците визави другите заеднициво Македонија имаат поголема бројчаност и сигурно бараат нивна национална и граѓанска рамноправност во Република Македонија во секоја сфера и област од животот.

Затоа, во оваа насока, на сите ќе им речам, на оние пратеници кои мислат да се спротивстават на интересите на Албанскиот народ во РМ ќе се спротивставиме со нашите аргументи што ги имаме во овој правец. Нема да дозволиме да се доведе под прашање нешто што сме го добиле заедно со вас во РМ, поради тоа што треба да ги потсетам сите оние на кои не им ем познато во врска со историјата во РМ, од 1903 година  она како што беше прикажано од страна на еден пратеник, јас велам дека Илинденското востание, во него учествуваат припадници и на другите заедници во Македонија. Затоа би било добро да се прочитаат книгите на научниците, да прочитаат дека за време на Илинденското собрание, на Крушевската Република, учествуваа 20 други претдставници на други заедници, значи имало претставници на други заедници, и никому да не му паѓа на памет ссамиот себе си да се става на чело како народ од прв ред, а другите од втор итн.

Кога би го знаеле тоа Албанците од времето на бивша Југодславија дека ќе дојде до конфликт во 2001 година, дека ќе бидат нерамноправни, сигурно, нема да беа рака под рака содругите граѓани на РМ, да го иаме денеска тоа што го имаме во РМ.

Затоа јас не сакам овие прашања да се политизираат, некој да биде бранител на одбележување на оваа годишнина а некој не. Но, немојте да ни го негирате прашањето или пак она што го бараме за одбележување на нашите годишнини. Тоа што ни припаѓа нам како Албанци, одбележување на годишнини што не се само

годишнини на Албанците бидејќи велиме ние сме овде заедо што треба да ја градиме државноста на РМ. Како што е годишнината од 1903 година, за формирање на македонската државност, треба заеднички да ја прославуваме, но треба и заеднички да ги прославува годишнините на албанскиот народ во РМ. Тоа се годишнини на личности, на значајни настани што се прославуваат на Албанците. Мислам дека треба да бидат поддржани од другите во РМ. Во еден демократски дух, заеднички можеме да излеземе на крај со овие работи и мислам дека, доколку секој од нас остане на своите тврди ставови и ги брани своите национални интереси, навистина ќе дојдеме во ситуација каде нема да ни биде ленсо на сите.

Затоа сакам да прашам, овие четворица пратеници, кои се предлагачи на оваа одлука, дали се научни работници од областа на историјата, како прво?

Второ, откако Комисијата за култура се обрати до научните институции да добие нивно мислење за одбележување на годишнини на дати и познати личности, настани што се однесуваат на Албанците на РМ, каде се обратиле, кои се тие научни институти по историја и дали има одговор како и да бил направен обид максимално што е можно побрзо да дојдат до овие информации и да се донесе некоја одлука во однос на мислењата на научните работници.

Мислам дека би било добро да добиеме интегрална програма и затоа би ги замолил пратениците, македонските депутати, македонските пратеници да не ги негираат правата на албанците за одбележување на годишнини, личности и други настани како што ние не ги негираме и како што имаме големи дискусии околу ова. Би било добро да не се политизира од некои пратеници или обид да се политизара поради тоа што комисијата не работела како што треба. Доколку беа поодлучни, порешителни во врска со ова прашање мислам дека денеска сигурно не би имале вака спротивставени мислења во Парламентот, би разговарале пред се можеби за интегрална програма која што би била предложена од Комисијата за култура. Сите би биле задоволни и денеска би го усвоиле тоа и тоа, а утре би очекувале да дојде некоја друга одлука за одбележување на годишнина со историски датуми на албанците во Република Македонија. Тие ќе задоцнуваат така што не би дошле во ситуација да можеме на следните сеанси на Парламентот да ги донесеме тие одлуки. Доколку немаме една целосна програма финансирана од Буџетот на Република Македонија, бидејќи сите нејзини граѓани се рамноправни во однос на сите овие работи би требало да имаат рамноправен однос или удел во распределбата на колачот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, програмата што ќе ја усвои Комисијата и што ќе ја усвои Парламентот ќе биде спроведена и никој не треба да се плаши дека во неа ќе бидат испуштени настани и датуми кои е можно да ги има, а се однесуваат на историјата на албанската, турската, српската, влашката, ромската, бошњачката и другите заедници во Република Македонија. Никој со оваа одлука не мисли да ја негира програмата што денес ќе се донесе. Оваа одлука евентуално е издвоена, според образложението што го слушнавме на почетокот заради тоа што нејзината тежина, 100 годишнина и нејзиното значење ги надминува другите и ќе се простира во текот на целата календарска 2003 година. Другите си имаат конкретни датуми на датумите кои се прославуваат. Тие ќе си дојдат во Парламентот со програма, слушнавме од претседателот на комисијата дека е во тек изработката, таа ме уведи дека во текот на една од наредните седници, ако Комисијата на третото свикување по таа програма ја усвои конечно ќе ја достави и за неја ќе бидат инкорпорирани и датумите и настаните кои се значајни за сите заедници и албанската и српската, турската, ромската, бошњачката и други што ги има доколку ги има ќе ги прославиме. Не треба да се плашиме дека ова е обид за заобиколување.

Со најдобра намера ве замолувам да ја рационализираме расправата, затоа што никој нема некаква зла намера и во оваа точка не предизвикува никаква опасност да негира други точки. На осмата или деветтата седница, ќе се усвои, ќе се прослават сите годишнини што се вредни. Ова не е единствената ниту за македонците во Македонија значајна. Сигурно има уште десетина други кои се по друг основ исто така значајни. Оваа година е годишнина од издавањето на делото на Мисирков за македонските работи. Тоа во културна смисла исто така е камен темелник за македонската историја, меѓутоа ќе ја усвоиме понатаму. Ве молам да не се мисли дека некој некого ќе заобиколи со ова. Да гледаме позитивно на волјата, а не да гледаме дека е тоа некаков обид за заобиколување.

Уште еднаш ќе ве замолам сите да се сконцентрираме на ова што е овде напишано, а тоа што ќе дојде ќе дојде и не треба да се плашиме за тоа. Ве молам да се рационализираат дискусиите и да се обидеме да го заштедиме времето.

Не мора пратениците да бидат доктори на науки ако предлагаат. Тие се пратеници и имаат право да предлагаат, а се консултираат. За волја на вистината токму доктори на историски науки се во тие четворица што предлагаат ваква програма итн.

Значи, ве молам за рационалност.

Има збор господинот Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине претседателе тука нема недоразбирања. Има еден длабоко всаден страв. Ние во изминатите 12 години сме усвојувале одлуки и закони со кои ни се ветувало дека набрзо ќе се усвојуваат и ќе се реализираат и други закони или акти на Собранието или други институции. Затоа е добро ние денес да одлучиме и вие како претседател на Парламентот да се обратите до Комисијата за култура на една од наредните седници овие праша да се расчистат затоа што ќе нема крај. Денес треба да одлучиме да се означи еден ден, 7 март, ден на учителите да се одбележува затоа што е многу значаен ден за учениците и за учителите. Треба да се забрзаат овие работи, а фактот дека е испратено барање за информација од релевантни институции кои датуми да се одбележуваат во Република Македонија, тоа треба да се прави побрзо. Доколку вие лично не се ангажирате во оваа насока г. претседателе, тогаш овие работи ќе се успорат, нема да се реализираат ниту оваа година ниту идната година.

Значи ова прашање треба да се разреши на една од идните седници. Комисијата за култура треба да ги засука ракавите и да работи малку повеќе со цел да ја добиеме интегралната програма и да ја усвоиме сите ние заедно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Токму тоа го укажував во врска со вашето излагање.

Ве молам, господа пратеници да се јават тие што се за реплика, а потоа ќе продолжиме со дебатата. Има збор Ганка Самоилова Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

Бидејќи ни беше препорачано да консултираме или да прочитаме стручна литература, историска, научна итн, јас само ќе препорачам да се прочита Крушевскиот манифест во кој се повикуваат на борба против османлиското царство сите македонци, албанци и турци кои живеат на територијата на Македонија.

Ве молам да не го злоупотребувате Рамковниот договор на секоја една забелешка да се повикувате на Рамковниот договор бидејќи во Рамковниот договор никаде не се гарантира да го работи Комисијата за култура она што не е стигнато благовремено како предлог.

Одговорноста за неразгледувањето на останатите предлози на оваа седница на Собранието ја сносат оние кои не ги доставија благовремено сите предлози за прослава на значајни настани и личности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можете да имате реплика на некоја дискусија, а не можете да имате реплика на реплика.

Ако имате реплика на г. Вејсели, или ако барате деловнички ќе ви дадам збор, друго не.

Ве молам прво да кажете што барате.

___________________________:

Би сакал да се изјаснам во врска со некои реплики дека немало предлози од албанските институции. На последниот состанок на комисијата ...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам за тоа ќе побарате збор и ќе добиете кога ќе дојдете на ред. Никој не ви го ограничува правото.

Да ви појаснам пратениците Елеонора Петрова, Киро Дојчиновски, Славица Станковска и Јордан Михајловски со оглед дека се предлагачи на одлуката во секој момент кога ќе побарате збор јас ќе ви дадам со неограничено време затоа што вие сте предлагачи на одлуката. Вие имате поинаков статус од останатите.

__________________________:

Ние продолжуваме со работа како Комисија токму по оваа проблематика што денеска е спорна, меѓутоа сакам да укажам само на еден момент.

Имав можност да разговарам со Институтот за национална историја од кога што исто така беше побарано да ни понудат програма за одбележување на значајни настани и личности и дојде.

Двајцата доктори на науки од албанската народност, практично научни советници, за тоа се ставени таму поедини луѓе, беа вклучени и не дадоа ниеден настан. Ние оваа програма што ја имаме интегрална овде не постои ништо. Затоа ние се обративме уште еднаш и очекуваме дополнително мислење од нив.

Ако тоа е неработење на Комисијата не знам што друго би можела Комисијата да направи во смисла да исцрпи се што е можно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Слободан Чашуле.

Се извинувам деловнички бара збор г. Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Јас би сакал како претседател на Парламентот да ги замолите во името на сите нас строго да се придржуваме на точката што е на дневен ред. За прашања што се во надлежност на Комисијата за култура, Комисијата ќе свика седница и таму ќе се расправа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, јас ве повикувам да расправаме дали има потреба да донесеме одлука за одбележување, а не да расправаме за историјата и слично.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги,

Ние денеска направивме еден крупен светски чекор и веднаш успеавме да направиме 2-3 балкански. Сакаме да ја интегрираме Македонија во светот, а не можеме да побегнеме од калта на делбите кои се денешни, а им ги бараме корените таму каде што не се, во минатото.

Господо припадници на заедниците кои го стекнавте право, и нема да го коментирам начинот, бидете достојни на вашите предци кои му се придружија на македонскиот народ како повеќе изразен во Манифестот да застанат против агресор заеднички. Не нација, поредок, каста, доба, наследниците на Осман во тоа движење како последица на балканските движења на албанската нација и на турската нација се родија некаде побрзо некаде подоцна денешните држави. Ние тоа го славиме, а не нашите денешни кадри.

Во нашето движење од овој простор предводено од македонскиот народ како мнозински и тогаш, учествуваа албанци и турци, македонци учествуваа во турската револуција која потоа го роди Кемал Ататурк, основачот на денешна Турција со чии што односи ние се гордееме и ја сметаме за наш најважен сојузник, а него го славиме како наш херој бидејќи учел во Битола. Каде ја гледате господа разликата тогаш која сега сакате да ни ја наметнете бидејќи сега сме поделени на еден ретрограден начин на заедници. Ја нема. Затоа оваа одлука треба да ја усвоиме. Вие треба да гласате за неа, бидејќи таа е одбележување на еден датум во

еден заеднички процес, прочитајте ја историјата и ќе видите, во која сите сме учествувале некој побрзо, некој подоцна, сме успеале да оствариме држава.  И сега сакајќи да фатиме некаква загубена трка и тогаш се делиме и тониме во блатото вакви поделени какви што сме, искарани околу работи кои не постојат, кои ги изведувате врз основа на нашите денешни пизми светот нема да не прими. Нема да има доверба со нас, ќе ни праќа трупи, ќе ни праќа советници и постојано на нашата демократија која функционира 12 години ќе и дава патерици.

Јас сум денеска навистина потиштен, разочаран и навреден што овде мора да изведуваме аргументи за нешто што било движење, за нешто што било победоносен од, кое резултирало со држава во која сите уживаме и демократски права денеска, па и вие. Значи ако го негираме коренот, го негираме тоа и денеска. Како можете да бидете лојални на денешна Република Македонија ако изразувате сомневање во процес кој резултирал со востанието на Илинден и ако изразувате сомнеж во вашите сопствени предци кои ги дадоа своите животи во нашата заедничка борба.

Дајте господа да го усвоиме ова, на секој валиден датум, на секој разумен човек ќе му биде добредојден да се одбележи, каква да ни е таква ни е историјата. Во неа има и светли датуми и темни датуми, сите се наши. Од темните треба да вадиме поука, а од светлите да правиме пример.

Јас долги години поминав живеејќи на еден континент. Се запознав со еден претседател кој живееше на улицата која го носеше името на човекот што неговото движење го собори. Го прашав господине претседател како ќе ми го објасните ова? Ми рече господине тој човек во еден период на нашата историја беше херој, во другиот беше диктатор. Ние го славиме херојот, а го бележиме диктаторот.

Господа дајте да го прескокнеме ова балканско блато. Да си ги видиме маните, затоа што не сме совршени. Да ги одбележиме црните точки и од нив да не се повторат никогаш, а да бидеме пример ако можеме врз основа на заедничка историја, на заедничка борба да влеземе во тој свет на кој толку му се колнеме ама никако да го прифатиме и постојано сакаме да тониме во ова наше балканско блато.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас се извинувам, со оглед дека има засега пријавено уште двајца пратеници за дискусија, дали има и други заинтересирани за оваа дискусија. Ако има да одиме на пауза, а ако не тогаш пред пауза да ја довршиме точката.

Се јавуваат и други, што значи можеме да одиме на пауза.

СТОЈАН АНДОВ:

Сметам дека нема потреба од пауза затоа што ако завршиме со оваа точка брзо ќе завршиме со другите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас имам обврска па затоа меѓу 14 и 15 часот да направиме пауза, а ако вие сакате јас сум спремен како и вие да продолжиме без пауза до завршување. Меѓутоа, од ВМРО-ДПМНЕ имаат најавено дека бараат пауза и затоа јас ќе ве замолам да се консултирате и за тоа што ќе одлужите ќе ме известите.

Има збор Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Јас ќе се обидам да бидам што поконцизен и рационален.

Имајќи го во предвид фактот дека во овие моменти кога се говори за една област која е многу значајна и која е на дневен ред, јас мислам дека ќе се обидеме да го дадеме сопствениот придонес давајќи и поддршка и потпора на вистината, имајќи го предвид заедничкиот интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Кога велам дека се говори за едно многу значајно прашање господин претседател, ќе ви се обратам директно на вас.

За ова прашање претходно требало да има една консултација меѓу координаторите на парламентарните групи со цел во текот на дебатата и при заклучување на дебатата да имаме еден став кој би произлегол токму од таа координација на групите. Меѓутоа, не знам од која причина тоа не било предвидено од ваша страна, а сите говориме дека се работи за стогодишнината на Илинденското востание и Крушевската република. Јас мислам дека немаше да биде голем товар за претставниците на Парламентот да се направеше една консултација со сите претставници на парламентарните групи.

Многу е значајно на оваа Предлог - одлука што произлегува од четири пратеници меѓу нив да имаше и еден Албанец, но ова се надоврзува на првото, тоа

е повторно резултат на некоординација на работите господине претседател. Јас мислам дека и дебатата ќе беше многу поконструктивна и на повисоко ниво. Меѓутоа, и покрај тоа, предлог одлуката ја имаме пред нас, се работи за едно прашање, за еден многу значаен историски факт. Сосема се согласувам дека во оваа насока за ова прашање треба да имаме согласност и дека треба да имаме правичен пристап. Ќе биде оправдан тој правичен пристап да има подлога врз историски факти. Не треба да се негира од пратениците на овој Парламент тој факт, затоа што кога се зборува за значајни историски факти се работи за еден многу значаен датум за државотворноста на македонската држава, јас многу често албанците во врска со овие датуми се маргинализираат, се работи за Илинденското востание, за Крушевската република. Истото се однесува и на АСНОМ, кој претставува континуитет на сите овие настани, но при сите овие датуми албанците се оставаат по страна. Во врска со тоа ние не можеме да се согласиме, овие датуми треба сите заедно да ги означиме овие годишнини, затоа што тоа е голема интерес за сите граѓани на Република Македонија. Овие движења кои се однесуваат едно ослободување на сите балкански народи од Отоманската империја биле движења во рамките на сите народи на Балканот. Тоа беше истакнато и од претходниот говорник и тука дале придонес сите балкански народи.

Движењата не биле случајни, тие биле координирани и тогаш имало луѓе кои ги предводеле овие движења. Волјата на сите балкански народи и на македонскиот народ за ослободување од вековното ропство од Отоманската империја има своја тежина и свое значење и нема причина зошто да не се одбележи оваа 100-годишнина, меѓутоа, тоа одбележување треба да биде заедничко, тоа што го кажав по иницијатива за донесување на одлука за оваа 100-годишнина, мислам дека навистина стојам на тоа дека трезбаше да има и еден албанец меѓу предлагачите.

Истовремено треба да се консултираме и да имаме соодветен пристап. Има неколку датуми кои се истакнуваат тука, тоа се Илинденското востание, Крушевската Република, што е резултат на Илинденското востание, но исто така се набележуваат и одреден број други датуми но ни едно не е соодветно на истото движење, не се однесува на истото движење, истото востание во кое имамат интерес сите граѓани да се одбележува друг датум.  Кога говорам за сите граѓани на Република Македонија тука ги подражбирам и албанците, меѓутоа, и покрај тоа би сакал да кажам дека ние ќе ја подржиме оваа одлука, но за друг пат им се обраќам на сите пратеници, затоа што тука ја гледам најголемата политичка сила, меѓутоа,

вие како претседател кој сте прв човек во парламентот за овие прашања кои се од огромно значење и кои имаат тежина и кои се однесуваат на сите граѓани на Република Македонија мислам дека е многу значајно претходно да се консултираме, вие кои ветувате дека ќе има една програма во рамките на таа програма каде ќе се најдат многу значајни датуми, каде ќе се најдат и другите етнички заедници во Република Македонија. Мислам дека оваа програма можеше да оди паралалено со оваа одлука, но тоа не е направено и ова на крајот на краиштата јас го гледам како резултат на сето она, на резултат на несоодветна организација.

Знам дека Комисијата за култура работеше и водеше неколку дебати, но и покрај тоа ангажманот во рамките на целото Собрание, ангажманот на сите научни структури при консултирањето со нив, мислам дека и покрај вашето образложение мислам дека тие консултации биле недоволни и токму поради тоа како резултат ги имаме овие недостатоци и овие дискусии.

Уште еднаш сакам да истакнам дека ние ќе гласаме за оваа одлука, за означување на оваа многу значајна годишнина, но повторно сакам да истакнам дека во врска со вакви фундаментални прашања треба да се консултираме и иницијативите од оваа природа треба да се заеднички, не треба да произлегуваат само од една група пратеници од една етничка заедница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шаќири, Комисијата за култура токму на две седници напорно се обидува да се усогласи, јас ве уверувам дека на една од наредните седници ќе се усогласи во врска со вкупната програма за прослава, бидејќи за ова ќе мора посебен одбор за прослава мора да добиеме и време.

Сега објавувам пауза до 14,45 часот и за 45 минути продолжуваме со работа.

Така сум известен дека помалку од час време ви треба. До 14,45 часот и ве молам да бидеме точни, ќе продолжиме со работа, немаме уште многу точки, може ќе завршиме и пред 17,оо часот, затоа што знам дека многу од вас имаат и други обврски, пред с# кои произлегуваат од партиските ангажмани.

(Седницата прекина во 14,05 часот)

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 14,55 часот.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

На ред за дискусија е господинот Исмет Рамадани.

Вие двајца од ПДП не мора за цела пратеничка група за секоја точка да се јавувате. Се сменија условите во Парламентот, двајца сте. Ова како шега сфатетего.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

И треба.

Почитувани колеги, почитуван претседателе. Овој предлог одлука на еден начин беше лошо протолкуван, но сакам да кажам дека кога се работи за одбележување на годишнини и личности факт е дека треба добро да ги одбереме зборовите и да бидеме внимателни, меѓутоа, за ова треба сите да дадеме придонес и како политички групации и како претставници на политички партии. Да ви кажам право денес, со оглед на фактот дека почнавме со шега, можам да кажам дека поконструктивен ми се виде господинот Хисни Шаќири отколку Слободан Чашуле во неговата дискусија кога се говореше токму за оваа тема. Господинот Чашуле на еден начин го крена и гласот и дури изгледаше како да се заканува на нас албанците да ни соли памет, а од друга страна господинот Шаќири ме изненади со неговата конструктивност и го постигна тоа што можеби требаше да излезе како заклучок од оваа точка на дневен ред. Меѓутоа, тоа што сакава да го кажам во врска со оваа одлука што се предлага за одбележувањена историските датуми, во овој случај Илинден, незнам колку имаме сенс и подготвеност да го ислушаме другиот, да се ислушаме едни други, ние повеќе даваме значење на тоа што го велиме самите, а помалку значење на тоа со поголемо внимание да го ислушаме другиот. По мое мислење тука имаше една тенденција од страна на немакедонските претставници односно албанците и турците да бидат активен дел во одбележувањето на овој историски датум. Ова, доколку се гледа од временска и просторна дистанца ми се чини како добар тек и требаше да се поздрави денеска, но напротив, ние слушнавме некои дискусии кои повремено беа и малку со навредлива конотација.

Што се однесува до деновите на Илинден, постојат и писанија од албански автори, незнам колку сте имале прилика да прочитате дел од господинот д-р Неџипи или д-р Шабан Превала кои пишувале, кои имаат дела кои ги засновале врз факти и документи каде учеството и на албанците било значајно и доколку тенденцијата на албанските претставници е да бидеме активен дел на изградбата на историјата што се однесува на државноста на Република Македонија тука понекогаш се слушаа гласови кои во континуитет не само при оваа седница, туку и порано кои

се обидуваа на секој начин некако учеството на албанците во овие историски одбележувања на датуми на некој начин нивното учество да се исклучи.

Исклучувањето се прави на разни начини, а понекогаш може да се каже отворено, но понекогаш и на организиран начин кој се карактеризира со манифестирања на овие датуми. Ние треба да бидеме искрени до крај и да кажеме дека многу малку албанци учествуваат во означувањето на главната манифестација на 2-ри Август на означување на Илинден. Сигурно вие си го поставувате прашањето каде се албанците, каде се претставниците на албанците, јас имам храброст да кажам дека ние како политичка партија со наши претставници сме учествувале и порано во доста голем број и како пратеници и како претставници на одбележувањето на овој датум. Меѓутоа, како времето минуваше и како ги слушавме понекогаш разните излагања, јас сакам да бидам искрен во оваа насока, а колку ќе бидам конструктивен незнам, при одбележувањето на овие датуми поради овие излагања, значи ние почнавме полека да се повлекуваме и с# помалку учествувавме во одбележувањето на овие настани. Зошто? Вие треба да си го поставите прашањето, а јас ќе ви одговорам дека имало многу навредливи излагања кога албанците, навредлив е фактот кога воопшто не се споменува придонесот на албанците, затоа овие наши излагања понекогаш можеби вам ви се чинат дека еве ние не сакаме да ги прифатиме личностите, не сакаме да ги прифатиме тие датуми, тоа воопшто не е вистина, вистината лежи во тоа дека ние сакаме сами себе да се најдеме во таа историја која се однесува на државноста на Македонија. Потоа следи другиот дел кој некои дискутанти ги спомнаа тоа каде може да се разликуваме затоа што и покрај с# има некои одбележувања на историски датуми кои не се поврзани со државноста, туку се национални кои не познаваат граници. Тука говорам за историјата. Има настани кои ги надминуваат границите или познати историски датуми кои се познати на една нација, на еден народ во одредени услови и на одредени датуми каде кога некогаш Македонија ги немала истите граници или кога тие настани се случувале во многу поинакви услови на други места и има национални албански празници, има и македонски национални празници кои не се случиле во рамките на овие граници кои ги познаваме денеска. Доколку разговараме вака, оние кои имаат задни намери или кои се навиени да кажат еве албанскиот пратеник не го признава интегритетот на Република Македонија.

Навистина тука треба да се разграничат работите, јас знам дека оваа работа најдобро ја прават историчарите, меѓутоа, бидејќи нам ни е дадена оваа надлежност на некој начин да бидеме оние кои ќе учествуваме како парламент во

одбележувањето на овие историски настани и за ова што говориме денес вклучително, тогаш работите треба да ги гледаме вака. Значи, доколку албанскиот пратеник се обиде да биде активен актер во одбележувањето на еден историски настан поврзан за државноста на Македонија не треба да има тенденција на неговото исклучување како што се виде во некои одредени говори, напротив, тоа треба да се поздрави, неговата тенденција треба да се поздрави доколку ги гледаме работите вака, тогаш нема да страдаме од разни историски багажи, нема да страдаме од она што не очекува понатаму, затоа што пред се главно е да се разбереме меѓу себе што е тоа историски национален датум од национален карактер и што е историски датум од државен аспект. Доколку тука се разбереме, затоа што кога се работи за 100-годишнина, 120-годишнина мора да знаеме дека тие се случувале во одредено време кога тука имало отоманска империја и во одреден момент и припадниците на турската националност и ним не им е лесно понекогаш поради одредени историски околности кои се случиле, кои постоеле во одреден историски момент сепак мислам дека и самиот господин Ќенан Хасипи беше многу конструктивен и рече дека тој има право да бидер резервиран во однос на една одредена ситуација кога се говори за Солунските атентатори.

Значи, на овој начин сакам да го дадам мојот придонес и да ги намалам тензиите и да не се создаде во нашата јавност и нашата држава да не создадат негативни гледишта и мислења дека албанците не признаваат никаков историски континуитет на државноста на Македонија, што не е вистина, туку напротив се обидуваат да бидат дел од тој континуитет. Оние кои не посакуваат албанците да бидат дел од тој  историски континуитет на македонската државност, тогаш мислам дека грешат во ова одредено време и во овој контекст.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Рамадани.

Збор има господинот Џелили.

ЗЕЈДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Чувствувам обврска веднаш да дадам одредени појаснувања затоа што мојата забелешка за начинот на донесување на оваа одлука поттикна неколку полемики. Со оглед на фактот дека Комисијата за култура во соработка со државните органи, научните институции, граѓанските асоцијации и другите

заинтересирани субјекти ја подготвија предлог - програмата и ја доставија до Собранието на Република Македонија, јас како албански претставник направив забелешка дека ниту еден државен органи, ни една научна институција на најде за сходно на Комисијата за култура да и предложи освен значајните настани, годишнини на македонскиот народ да се додаде и некоја значајна годишнина од минатото на албанскиот нарлод.

Образложенијата беа дека било доставено барање и до албански институции и други граѓански асоцијации и субјекти кои можеле да придонесат со оглед на фактот дека на првиот состанок на овие институции ни дадоа предлози, на вториот состанок пред комисијата се најдоа осум предлози за значајни годишнини кои припаѓаат на културата и историјата на албанскиот народ.

Со оглед на фактот дека на најредовен начин беа доставени овие предлози, архивирани во соодветно време, Комисијата требаше да ги разгледа овие предлози и да ја подготви Предлог - програмата со цел денес сите овие предлози да бидат опфатени во една Предлог - програма и да биде доставена пред Собранието.

Што се случува? Албанските предлози треба да се разгледаат уште еднаш од страна на Националниот институт за историја, а со цел дас не се губи во време со една посебна одлука се става на страна одбележувањето на 100-годишнината на македонската државност. Ние немаме ништо против оваа годишнина затоа што албанските претставници рекоа дека и ние имаме свој удел во оваа многу значајна годишнина, меѓутоа, нашето конструктивно учество на оваа дебата вие и сите други пратеници да даде придонес со цел што побрзо да се усвои програмата за 2003 година и заедно со оваа многу значајна годишнина да се одбележат значајните годишнини на албанскиот народ во овие области.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Хусеини.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Бидејќи координаторот зборуваше, се повлекувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам.

Нема повеќе дискутанти.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одбележување на 100-годишнината на македонската државност 1903 - 2003 година.

Не како официјален дел од заклучокот, би сакал да ја потсетам Комисијата за култура да продолжи со брзо изготвување на Програмата за одбележување на годишнини 2003 година што е редовна со цел веќе на првата или евентуално втората седница во февруари да ја усвоиме, а претседателот на Комисијата за избори и именувања го молам во најбрз можен деловнички рок да ја започне процедурата за предлагање на Одборот за прослава и во врска со тоа да изврши консултации со сите пратенички групи во парламентот и со институциит вон од парламентот за да дојдеме до еден одбор кој ќе биде најрепрезентативен во секоја смисла за Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Преминуваме на Осумнаесетата точка од дневниот ред - Предлог за именување јавен обвинител на Република Македонија

Предлогот на Владата Ви е поделен,

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Прво ќе му дадеме збор на заменикот министер за правда Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА-ЃОРЃИЕВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата,

Дозволете ми во името на Владата на РМ да го образложам Предлогот за избор на јавен обвинител на Република Македонија.

Согласно Уставот на Република Македонија и Законот за јавното обвинителство, функцијата јавен обвинител на Република Македонија е една од најзначајните државни функции во правниот систем на државата. Јавниот обвинител ја остварува својата функција, ја остварува функцијата на гонење на сторителите на кривични дела врз основа на начелото на  легалитет и  истата е гарант за заштитата на правниот поредок и воедначената примена на Законот како предуслов за развојот

на демократското општество и остварувањето на постулатите на правната држава и владеењето на правото. Во тој контекст, денешниот избор на јавен обвинител на Република Македонија, секако, ќе значи придонес кон основните правци во борбата против криминалот воопшто, а посебно во справувањето со организираниот криминал и корупцијата. Само законитото и одговорно извршување на секоја функција, а во тој правец и на јавнообвинителската, со претходно максимално почитување на човековите слободи и права на граѓаните обезбедува цврсти гаранции за изградба на Република Македонија како држава на еднакви и рамноправни граѓани и на држава во која законите ќе важат подеднакво за сите.

Имајќи го предвид изнесеното, Владата на Република Македонија оценува дека предложениот кандидат, господинот Александар Прчовски, кој во досегашниот свој работен стаж секогаш принципиелно и законито ги вршел сите работни задачи со успех ќе ја извршува функцијата јавен обвинител на Република Македонија и максимално ќе придонесе за развојот на правната држава и владеењето на правото.

Господинот Александар Прчовски во моментот е судија во Основниот суд во Битола, а во својот досегашен работен век работел и вршел функции во стопанството, во извршната власт и во судството, вклучувајќи ја и функцијата претседател на Основниот суд во Битола.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Владата на Република Македонија, на својата седница одржана на 20 јануари 2003 година,има поднесено Предлог за именување јавен обвинител на РМ, со еден единствен кандидат и тој предлог го има доставено до Собранието на РМ со предлог, односно сугестија предложениот кандидат Александар Прчоски, кој доаѓа како судија на Основниот суд во Битола, да биде избран за јавен обвинител на РМ. Во самиот предлог има едно кратко образложение, кое можам да кажам дека е никакво, односно мислам дека не држи, затоа што од образложениетo неможеме да видиме зошто Владата го има предложено токму тој господин, судијата кој е предложен денес за јавен обвинител на РМ. Едноставно, според мене, ваквото образложение е мизерно и бедно, како што беше и решението односно предлогот за разрешување на претходниот јавен обвинител, господинот Ставре Џиков, со многу

кратка формулација дека се разрешува заради несовесна и нестручна работа. Мислам дека тоа не држи. Едноставно Владата се погрижила во образложението да стави нешто повеќе за господинот Ставре Џиков, тоа беше само една реченица, меѓутоа, тука е нешто проширено и јас накратко би го цитирал. Вели: "Владата му предлага на Собранието на РМ за јавен обвинител на РМ да го именува предложениот кандидат, имајќи го предвид неговото долгогодишно искуство и потврдени резулати од досегашното работење, со што се стекнал со углед на истакнат правен стручњак кој со своето знање и умешност ќе одговори на задачите, функциите..". За мене е нејасно, а веројатно и на поголемиот дел од пратениците не им е јасно дали постојат такви институции кои утврдуваат врз основа на што се стекнува позицијата истакнат правен стручњак. Врз основа на што тоа е проценето дека некој е истакнат правен стручњак, а другите се неистакнати правни стручњаци и дали тоа значи дека сега преддложениот кандидат е истакнат правен стручњак додека другите кандидати, кои имаат поднесено свои документи за обавување на функцијата јавен обвинител на РМ се неистакнати правни стручњаци. Мислам дека такво нешто не држи.

Кон предлогот е дадена кратка биографија со работните ангажмани, дека се работи за судија во Основниот суд во Битола, роден 1950 година, дипломирал во Битола 1978 година, положил правосуден испит 1983 година, со работи и работни задачи во граѓанската материја, началник на Одделението за имотно-правни работи, инспектор на трудот и тн. Меѓутоа, од сето ова може да се види дека се има работено, а најмалку има работено во делот на кривично-правната материја. Според тоа, една голема дилема, зошто цитираниот кандидат е предложен за можен носител на функцијата јавен обвинител на РМ.

Сметам дека ваквото образложение е неаргументирано, неиздржано и едноставно од податоците кои се дадени во предлогот и образложението не можеме да заклучиме ништо, не можеме да дадеме наша определба и едноставно за нас претставува голема "непозната" , да не кажам дека тој е за нас анонимус, не само за нас туку и за целата пратеничка група.

Морам да потенцирам во овој случај, како што кажав и пред малку дека претходниот јавен обвинител, господинот Ставре Џиков, беше разрешен со една многу банална изрека, заради несовесно и нестручно извршување на неговите задачи. Мислам дека недостасуваше и тогаш и сега да се подготви една стручна анализа , врз основа на таа стручна анализа која требаше да биде доставена до пратениците на Собранието на РМ, по една исцрпна дискусија да се определиме

дали треба да го прифатиме тој кандидат или не треба да го прифатиме, односно дали претходниот обвинител требаше да го разрешиме или не. Меѓутоа, како што ги тераме работите, мислам дека тоа е премногу комунистички, да не кажам сталинистички.

Сепак, за моја конечна определба дали ќе гласам или нема да гласам за овој кандидат, за мене постојат неколку дилеми кои ги поделил во две групи. Во првата група се одна што значат формално-правни дилеми, а во втората категорија се дилеми од политичка природа.

Прва дилема која се поставиува пред мене како прратеник од редот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е дали пред нас пратениците требаше да биде доставен предлог за еден кандидат, односно дали не требаше заради демократијата во изборот, да бидат поднесени два или повеќе кандидати па во една демократска расправа да одлучиме за еден од тие кандидати, бидејќи според информациите што ги имам се пријавени 8 кандидати и се поставува прашањето дали останатите 8 кандидати се политички неподобни за обавување на функцијата јавен обвинител на Република Македонија.

Втората дилема за мене е зошто се прескокнати јавните обвинители, кои според нашите сознанија по основните јавни обвинителства и по вишите обвинителства ги има преку 200. Дали се тие неподобни и дали во редот на тие обвинители немаше соодветен кадар кој би можел едноставно да ја обавува оваа задача на позицијата јавен обвинител на РМ. Сметам дека со ваквиот предлог едноставно се навредени сите тие 200 луѓе кои работат на таа фотелја. На крајот и прашањето на прескокнувањето на добар дел од она што значи професорски кадар, докторски кадар, на Правниот факултет и тн.

Неколку дилеми и во делот на она што значат политички мотиви, директно од политичка природа.

Прво прашање кое сакам пред мене да се расчисти е зошто е токму овој кандидат предложен, судијата од Битола. Зошто од Основниот суд во Битола, бидејќи во Македонија има и виши и основни судови и зошто е предложен судија од Основниот суд во Битола. Дали во случајот не се работи за наплата на досегашната лојалност на сегашниот кандидат или пак евентуално не се купува идната лојалност на овој кандидат кој што треба да ја извршува оваа функција и дали истовремено всушност не претставува наплата на евентуалните долгови кои ги има актуелната власт спрема овој судија. Имаме инфромации дека тоа е човек кој во времето на извршувањето на неговата позиција претседател на Основниот суд во Битола има

извршено големо влијание  преку стечајниот суд во ТАТ да се изврши наплата на голем дел од побарувањата на неговите роднини, а истовремено дека и покрај барањето на сите оние штедачи за промена на стечајниот управник таква работа не е завршена, и покрај тоа што стечајниот управник има направено трошоци од преку 750 илјади марки. Меѓутоа, останал глув на таквите барања, едноставно човекот не се држел за таа работа.

Потоа, едно големо прашање, имајќи ги предвид сите овие моменти, дали во случајот на назначувањето на овој кандидат нема партиски призвук, дали не значи партизација и на јавното обвинителство почнувајќи по хиерархија од јавниот обвинител на РМ па надолу. За мене апсолутно нема дилема. Апсолутно, сигурно, се работи за партизација бидејќи се поставува прашањето зошто доставениот предлог е од редот на судиите, а не од редот на обвинителите, односно судија од Основниот суд во Битола. Со самиот факт што судија на Основен суд е предложен, а веројатно и ќе биде избран на денешната седница за јавен обвинител, според нас тоа значи апсолутна политичка зависност на избраниот кандидат кој ќе биде должен едноставно да ги спроведува политичките одлуки на актуелната власт.

Понатаму, ваквото назначување на овој кандидат дали нема да значи и понатаму политички проблем што веќе владее во Република Македонија, особено во корелација на јавниот обвинител на Република Македонија со корупциската група што е составена исклучиво од кандидати или која е составена на предлог на актуелната власт. Јас сум апсолутно сигурен дека таа корелација ќе проработи и едноставно, политичките прогони нема да застанат тука, едноставно таа работа ќе продолжи. Меѓутоа, во овој момент сакаме да потсетиме дека тие филмови се веќе гледани. Еден филм можеме да гледаме неколку пати, ќе станат банални. Според тоа е неминовно македонскиот човек да го постави еден ден прашањето за неговата егзистенција. Значи, прогоните од ден на ден стануваат банална тема од која  што веројатно  ќе се оградат и претставниците на Социјалдемократскиот сојуз.

Понатаму за што би сакал посебно да потенцирам, јас морам право да кажам за составувањето на оваа корупциска група, меѓутоа, дали овие кривични дела, дали недозволени казниви дела нема од времето на Бранко Црвенковски? Би потсетил само на една и најважна тоа е ТАТ со придружните каде што се направени к ривични дела, каде што роковите, дали се тоа апсолутни или релативни рокови на застареност, не застаруваат повеќе од 20 години. Затоа реков за формирањето на таа антикорупциска група ја поздравуваме таа идеја за составување на

антикорупциска група, попрво за премиерот кој даде виза тоа да се направи, меѓутоа тоа право ќе е само тогаш кога антикорупциската група ќе започне да гледа, односно кога ќе започне со работа прво во расчистување во сопствениот двор, односно ако започе да работи со извршување со кривични дела од пред десет години. Потоа кога започна да се занимава со начинот на стекнување на имотот на нивните министри, а во весниците веќе е објавен дел од анкетните листови на голем дел од министрите на Владата на господинот Бранко Црвенковски, каде што се прикажани да не кажам баснословни износи на имоти, па според тоа ќе мора да кажат на тој начин е стекнат тој имот, ако се има предвид дека до 1990 година имавме социјалистички имоти, кога имавме лимитирана социјалистичка возможност, како е возможно за десет години да се стекнат имоти од над 15 милиони марки. Според тоа, со право таа корупциска група да почне да работи во расчистувањето на тој кримина На крајот да кажам убеден сум како е избрано корупциската група, на ист начин е избрано и јавното обвинителство на Македонија и убеден сум дека тие ќе бидат во функција на остварувањето на политиката на оваа Влада, подготвени да ги изготват партиските задачи до крај.

Затоа, јас лично а верувам ќе ме поддржат и пратениците од нашата пратеничка група, нема да гласам за изборот на овој кандидат за јавен обвинител на Република Македонија од овие причини, а и од причини што се работи за човек со апсолутно анонимно досие и на крајот што е многу битно што кандидатот не потекнува од редот на обвинителската фела.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Макрадули имате реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Веројатно господинот Тасев си смеша две дискусии што беа спремени таму, па читаше две. Прво, рече дека се работи за анонимус, па после виде дека ги знае сите судски пракси и предмети што ги водел господоинот Прчески за после повторно да се врати на својата дискусија и да заврши дека повторно се работи за анонимус. Очигледно таму ги измешале ливчињата.

Второ, не затоа што сум роден во Битола, туку сметам дека не постои град во Македонија што е предодреден да дава јавен обвинител. Можеби тој знае во кои

градови подобро виреат јавни обвинители може да предложи некои, а за примерите што ги кажува што не ги наведовме за господинот Џиков, ајде да почнеме со вашиот пример господине, и со тепањето на учениците во Неготино. Што мислите колку страници тоа ќе биде? Само тој пример да го земеме па да видиме што се правел или не правел минатиот јавен обвинител.

И да ве потсетам Вие како пратеник сте должни да ги користите термините што се донесени во ова Собрание и јас незнам која ви е таа корупциска група. Очигледно зборот група и групашење вака ви е пофамилијарен, па ги користите тие термини. Би сакал, во името на јавноста да кажете која е таа корупциска група, не знам за што зборувате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Тасев има реплика.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Веројатно, господинот не ме следеше добро кога реков дека се работи за анонимус, реков дека се рабти за стручен анонимус, не се работи за политички анонимус.

За состојбите во Неготино, мислам дека тоа е апсолвирана работа, допрва ќе излезат работите за кои што ќе расправаме повторно овде во Парламентот. Тоа беше еден случај, кој беше исцениран токму од вашата кујна, меѓутоа, за тоа потоа ќе расправаме допрва, а за употребата на вакви или такви термини мислам дека се сваќаме. Господинот нека биде малку поконцентриран и малку нека слуша.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За дискусија се јави господинот Кондарко Борис.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Би сакал од името на пратеничката група на СДСМ накратко да го образложам предлогот, со кој денеска е номиниран за именување за јавен обвинител господинот Александар Прчевски. Имено, јас на една од минатите седници токму говорев за разрешувањето на минатиот јавен обвинител господинот

Ставре Џиков и ако на господинот Тасев и на опозицијата не им е познато, тогаш беа кажани голем број на причини за тоа, меѓутоа, тоа не е точка на дневен ред и вие сосема неоправдано се впуштивте во дискусија која беше тема на една од минатите седници.. Значи денес не е на дневен ред разрешувањето на господинот Џиков а исто така и политички анонимус ви е депласиран односно нерелевантен за денешната дискусија, бидејќи господинот Прчевски кој е предложен денес за обвинител не е политичар, така што нема допирни точки со политиката воопшто. А, ако случајно ве заболело тоа што ги разотрки некои валкани работи на политичарите од ВМРО-ДПМНЕ, тогаш се согласувам, можете да го употребите тој термин.

Инаку, на една од минатите седници токму кога го разрешувавме господинот Ставре Џиков јас го кажав следното.

Согласно Уставот на Република Македонија јавниот обвинител е единствен и самостоен државен орган, кој ги гони сторителите на кривични и други казнени дела и дека јавниот обвинител своите функции ги извршува во рамките на Уставот и законите. Од друга страна пак, согласно Законот за јавно обвинителство, јавниот обвинител се грижи за навремено, ефикасно откривање на кривичните дела, нивните сторители и поднесува барање за поведување на кривична постапка во рамките на законот презема активности, заради правилно насочување на постапката, покренува и застапува обвиненија и изјавува редовни и вонредни правни средства и презема други дејствија определени со закон, а исто така заради остварување на функцијата на кривиното гонење, јавниот обвинител во соработка со органите за откривање и со другите надлежни органи и правни лица, се грижи за преземање на мерки и активности за откривање на кривични и други казнени дела на нивните сторители.

Сето ова го кажав неслучајно, бидејќи мојата дискусија понатаму ќе биде базирана токму на овие уставни законски принципи од кои ќе треба да се раководи јавниот обвинител во неговата работа и кои ќе треба да претставуваат пример во извршувањето на неговата функција и во претставувањето на институцијата јавно обвинителство.

Имено, ова наведено што сега го кажав претставува уставна рамка во која се предвидени надлежностите на обвинителот. Овој Парламент, кој според Уставот е надлежен да го избере јавниот обвинител, е должен пред се, и одговорен е да постави таква личност на оваа функција кој ќе ги застапува и кој ќе работи соред горенаведените уставни законски принципи.

Од друга страна со функцијата  која ќе ја извршува јавниот обвинител, институцијата која ќе ја претставува, пред се, извршува работи кои по својата природа се стручни, специфични и од јавен карактер, а тие истовремено се и од посебен интерес за функционирањето на државата во смисла на доследно почитување на законите и навремено откривање, спречување и гонење на сите сторители на кривични дела.

Во оваа смисла имајќи го предвид горе наведеното, морам да истакнам дека граѓаните на Република  Македонија и целокупната јавност со право очекуваат овој пат, навистина јавниот обвинител да работи врз основа на наведените принципи и да се придржува строго кон нив.

Почитувани пратеници,  ова мнозинство кое во Собранието денес треба да го избере јавниот обвинител и кое е истовремено одговорно  за тоа, убедливо победи на минатогодишните парламентарни избори. Коалицијата За Македонија заедно и СДС како најголема политичка партија во  Парламентот и во владината коалиција, во предизборната кампања се залагаше и многу јасно зборуваше за тоа дека безусловно и  бескомпромисно ќе ги почитува законите и ќе се залага за воспоставување на ред и поредок во оваа држава и тоа врз основа на принципите на владеењето на правото и подеднаква примена на законот за сите, а посебно ќе потенцирам, подеднаква примена на законот, без разлика на партиска или било каква друга определба или припадност на граѓаните во Република Македонија.

Понатаму, говоревме во изборната камања за изградба и почитување на правната држава, а посебно на институциите  кои ја соинуваат правната држава, нивната независност, нивниот интегритет, осамостојување, професионализам и стручност на вработените во тие институции. За достапноста и отвореноста на институциите до сите граѓани подеднакво.

Почитувани пратеници, почитувани граѓани, ние СДС и владината коалиција имаме сериозни намери овие принципи, за кои пред малку ги набројав и конкретно да ги спроведеме,  на конкретен начин.

Денешниот избор на јавен обвинител токму на предложениот кандидат Александар Прчевски, судија на Основниот суд во Битола претставува, господине Тасев, конкретен пример за реализација на дел од нашите заложби и ветувања дадени пред граѓаните, кои граѓани ни ја дадоа довербата на минатите избори.

Ние, од новиот јавен обвинител очекуваме, изјавувам дека очекуваме, доследно, професионално и непристрасно да ја извршува својата функција и тоа строго во согласност со принципот на законитоста, а посебно да води сметка за

угледот на институцијата и за нејзината независност и самостојност или ако сакате вие колеги од опозицијата, да работи токму спротивно од она што работеше разрешениот обвинител Ставре Џиков. Притоа, сме целосно свесни за актуелните затекнати негативни состојби и процеси во Република Македонија, меѓутоа, бидејќи не сме исти како ВМРО-ДПМНЕ нема да се жалиме на истите, туку ја презедовме одговорноста истите да ги разрешуваме. Свесни сме дека истите ќе бидат пречка и ќе ја отежнуваат работата на јавниот обвинител и дека ќе треба допрва да се разрешуваат многу отворени предмети и да се отворат многу нови предмети. Овде, пред се, мислам на предмети во врска со борбата против корупцијата и организираниот криминал, меѓутоа и сите оние предмети кои спаѓаат во надлежност на работата на јавниот обвинител. Токму поради сите овие искушенија, кои ќе му претстојат во работата на јавниот обвинител, сметаме дека битолскиот судија Александар Прчевски е токму кандидатот кој ги исполнува сите претпоставки за професионално и независно извршување на својата работа. Имено, господинот Александар Прчевски е исклучително стручен кадар, а не анонимус како што вие велевте, има своја успешна професионална биографија, која од предлагачот, од Владата ви е доставена на увид. Но, покрај тоа што исто така подеднакво важно станува збор за една исклучително принципиелна и доследна личност за која основно правило е да се раководи од работата на законитоста, во работата да се раководи од почитувањето на законитоста и тоа независно од било какви влијанија или евентуални притисоци. А, токму тоа, верувам дека ќе се согласите и вие од опозицијата, претставува една од најважните и најпосакуваните особини, која треба да ја поседува човек кој е номиниран за вака одговорна функција. Имено, господинот Прчевски, кога веќе говориме за принципите и почитувањето на законот во јавноста е познат токму од спротивното од она што го говореше опозицијата односно дека е познат по тоа што отворено се спротивстави, се разбира, со правни и законски средства и во една правна процедура и постапка на самоволието и беззаконието на поранешниот премиер Љубчо Георгиевски кога тој на незаконски начин и со сила сакаше да направи упад во правниот систем и за директор на Битолската штедилница “ТАТ” без претходна согласност на Одборот на доверители и без претходна согласност на Стечајниот судски совет, да ја постави сега веќе обвинетата и осудената поранешна директорка Соња Николовска. Но, тука веднаш сакам да интервенирам и посебно да нагласам, бидеји претпоставувам дека и ова излагање од опозицијата ќе предизвика реакција, така што сакам да кажам дека тоа што господинот Прчевски во тој период оправдано му кажал не на тогашниот

премиер Љубчо Георгиевски, не е мотивот господине Тасев, поради кој тој е предложен денес. Значи сакам да ја демантирам тезата, која верувам дека ќе биде наметната од опозицијата, дека неговата номинација денес овде претставува евентуална награда за неговите наводни заслуги.во пресметката со незаконитите дејствија на тогашната власт. Значи, ние не постапуваме како што постапуваше мнозинството на ВМРо-ДПМНЕ кога ја имаше власта и кога даваше награди за избор во Републичкиот судски совет, како што беа Благородна Дуњиќ и господинот Томислав Стојановски, кои јавно и отворено тоа го признаа дека се именувани по основ на заслуга како награда за успешно бранење на незаконитата политика и фалсификатот на претседателските избори од страна на ВМРо-ДПМНЕ. Точно е дека ќе се наметне, исто така тезата во тој контекст дека ова мнозинство го избира обвинителот и дека е неминовна политичката заднина зад изборот. Меѓутоа, во нашиот Устав системот на избор е таков што тоа е предвидено да го стори токму Парламентот. А, во Парламентот мора некоја политичка партија во дадениот момент да има мнозинство.

Затоа во тој поглед, сакам како заклучок да го кажам следново.

1. Сакаме да создадеме институции кои ќе фунционираат не само за јавното обвинителство, кои ќе функционираат нормално, законито и независно, без разлика на тоа кој се наоѓа на власт и истите ќе служат на оваа држава и ќе ја заштитуваат и ќе ја претставуваат, бидејќи власта е менлива категорија.

2. Сакаме јавниот обвинител да работи професионално, одговорно и чесно и во интерес на правдата и во интерес на заштита на правата на граѓаните на Република Македонија, без разлика на нивната партиска или било каква друга определба. Внимавајте, не да работи така, а доколку не работи така, тогаш еве јас при овој избор, јас ќе му порачам дека и господинот Прчевски ќе биде сменет како претходникот, меѓутоа, со таа разлика што, доколку работи така незаконито и доколку се докаже тоа и има основани причини во една нормална постапка, разликата ќе биде што тој ќе биде сменет од ова исто мнозинство кое го избрало и кое денес ќе му ја даде целосната поддршка и доверба.

3. Ќе кажам една обратна варијанта, доколку било кој, ова е порака до господинот Прчевски кој треба да стапи на функцијата, доколку било кој, господине Александар Прчевски, ви попррчи во вашата независна работа, ова мнозинство ве поддржува да бидете исто така принципиелен и доследен и ако има потреба повторно на било кого да кажете НЕ, исто како што одолеавте на притисоците во

минатото, така овој пат овој Парламент ви ја дава поддршката тоа да го направите и така да работите во иднина.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Деловнички сака да се изјасни Караџоски Жарко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, се јавувам деловнички од името на Пратеничката група и би сакал да обрнам внимание до вас и до пратениците од позицијата, кога користат одредени изрази, да водат сметка што зборуваат.

Господинот Кондарко искажа едно тешко обвинување со зборовите кои што ги кажа, овој денес предложен кандидат за републички јавен обвинител бил личност кој ги разоткрил валканите игри на политичарите на ВМРО-ДПМНЕ. Мене ми е јасно, меѓутоа заради македонската јавност сакам да обрнам внимание да водиме сметка овде што зборуваме. Јасна е тезата на СДС, со која сака да се прикаже дека сите политичари, сите политичари на ВМРО-ДПМНЕ имаат валкани игри или да не речам се корунпирани, или да не кажам некои потешки зборови. Потоа се премина на персонификација во личноста на нашиот претседател Љубчо Георгиевски како е тој со самовластие, беззаконие и незнам што не сакал да изврши упад и слични работи.

Овие тези, господине претседателе, се тези кои ги форсира СДСМ веќе подолго време. Но, да не заборавиме една работа, за сето ова не постојат пресуди, не постојат одлуки кога користиме одредени изрази треба да се повикуваме токму на аргументи потврдени со пресуди, за да го почитуваме уставното гарантирано право од позиција на невиност, а не да зборуваме само со оние тези кои што сакаме да ги постигнеме.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски, ова сметам дека беше во вид на реплика односно по Деловникот поправка по вас неточно пренесен навод, а не беше повреда на примена на Деловникот. Ова ќе ви го сметам за реплика.

За збор се јави господинот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Либерално-демократската партија во својата изборна програма вети дека нејзиното доаѓање на позиција од која ќе се одлучува за иднината на државата неминовно ќе предизвика релаксирање на состојбите во третата власт.

Ветивме дека , поучени од досегашните искуства, ќе и ставиме крај на срамната практика на функцијата Државен обвинител да биде именувано лице кое има длабок политички корен и кое ќе работи исклучиво по налог на актуелната власт.

Мора да признаеме дека личноста за која станува збор нема политичка димензија, освен еден политичко-експертски конфликт со Владата на Георгиевски, во кој тој сепак ја извојува својата јуристичка битка. Водејќи сметка за неговата стручност и компетентност , владиното мнозинство бездруго ќе застане зад неговата кандидатура. Тој мора да ја симне од Македонија дамката што и беше ставена кога корупцијата во неа беше дефинирана со терминот “ендемска”. Тој мора да го врати редот и поредокот , бидејќи без него нема ниту сегашност, ниту иднина.

Оттаму ,сметам дека улогата што му ја доверуваме на г-динот Прчевски ќе биде од историски карактер и дека тој , едноставно, ќе мора да ја оправда.Се додека ЛДП партиципира во владината коалиција , начелото на владеењето на правото и етапното враќање на довербата во правната држава ќе биде основна претпоставка за опстојот на оваа владина гарнитура.

Нема да дозволиме, ништо друго, освен моралот и етиката да бидат двигатели на оската околу која ќе се движат инсталациите и на егзекутивата и на правосудството.

Повторно, по којзнае кој пат сме исправени пред најважното прашање: ќе успее ли Обвинителството да се оттргне од прегратката на извршната власт и да почне да ја остварува во целост уставно загарантираната положба на единствен и самостоен државен орган задолжен за гонење на сторителите на кривичните дела. Со целиот респект кон, веројатно, новиот државен обвинител, сепак морам да кажам дека тој нема да биде растоварен од политичкиот багаж што ќе го носи на свој грб, токму затоа што тој бил избран низ процедура која Владата, во секој случај може да ја контролира. Тоа ја отвора можноста зад неговиот избор , како што и најверојатно и ќе биде случај , да не застанат партиите од опозициониот блок, со што товарот врз него неколкукратно се зголемува. Во тој правец , не би сакале да заборавиме дека на нашите избирачи им должиме исполнување на обврската , да обезбедиме услови за непречено извршување на функцијата државен обвинител. За таа цел, можеби

вистински правец е неутралноста и објективноста на оваа врвна општествена позиција да ја гарантираме со можноста тој да биде биран на непосредни и тајни избори или на кој било кој друг начин преку кои би ја зацврстиле толку неопходната самостојност на државниот обвинител. Токму затоа, ЛДП смета дека мора посериозно да се размислува за редифинирање на легислативното сито низ кое државата ќе го бира лицето кое по службена должност ги гони сторителите на кривични и други казниви дела. Опасно е ако обвинителот се обидува да размислува како политичар. Тоа е најдобрата шанса да го погази принципот на легалитет и да ни се случи повторно да избереме државен обвинител како оној, неодамна разрешениот кој стана и лош обвинител и лош политичар. Тука мораме најсериозно да го земеме во предвид Ивештајот за нашата земја на Групата за борба против корупција ГРЕКО при Советот на Европа што се однесува на носителите на судски и обвинителски функции. Имаќи ја предвид постојната законска регулатива во Република Македонија, ГРЕКО-Групата упатува на потребата од создавање јасни и дефинирани услови за именување на новите кандидати во Јавното обвинителство и во судовите, низ што се “**препорачува да се намали ризикот од политичко влијание во номинирањето на обвинителите и на судиите”.** Секако мораме да ги консултираме и светските искуства за начин на избирање на јавните обвинители.

Да бидеме искрени , секоја власт, без исклучок, сака да оствари влијание врз изборот и разрешувањето, како на судии, така и на обвинители. Тоа е така во целиот свет , а посебно во Република Македонија. Но, доколку оваа власт сака да биде докрај доследна и да покаже дека не само декларативно се залага за независно судство, како и за ефикасно обвинителство, треба да се НАДМИНЕ себе си и навистина да создаде услови за такво нешто. Во делот за обвинителството, тоа би значело дека ако неможе во целост да го отстрани политичкото влијание во изборот, тогаш тоа треба да го сведе на минимум - и во подносливи рамки. Мислењата сигурно ќе бидат дијаметрално спротивни во зависност од тоа дали доаѓаат од науката и практичарите (обвинителите), или, пак, од претставниците на извршната и на законодавната власт. Бидејќи доколку и натаму остане постојното решение (Владата да утврди предлог, а Собранието да го изгласа државниот обвинител), дури и најдобриот, најстручен и најсовесен обвинител, ќе ја носи хипотеката дека е “партиски обвинител” и секогаш кога ќе донесе одлуки, кои задираат во ограничувањата на правата на луѓе блиски до опозицијата, ќе постои сомневање во неговата непристрасност.

Но, се разбира, и сега постојат и' уставни и' законски прерогативи за тој да работи без оглед на политичките притисоци кои ќе доаѓаат од власта или од опозицијата. А ќе доаѓаат. Иако е' од значење кој го именува тоа не би требало и не може да биде примарно , зашто доколку тој работи како што тоа го бараат законите и според сопственото убедување , тогаш влијанието на оние што застанале за неговиот избо0р може да биде и минорно, бидејќи почитувањето на словото на законот , а не на сугестии кои што доаѓаат од страна, треба да биде основна премиса во неговото работење. Оттаму , се додека не донесеме некаква друга рамка со која попрецизно би ја гарантирале самостојноста , не смееме , или поточно кажано, обвинителот не би смеел да бара алиби во потребата за зацврстување на неговата неутралност.

И јас го делам мислењето на оние кои што сметаат дека во оваа констелација на политички односи, сепак, можеби побезболно решение ќе беше да се избере кандидат од обвинителската бранша. Затоа што тоа ќе беше избор на човек “одвнатре” , бидејќи како прво упатуваме демотивирачки сигнал дека од 200 луѓе колку што работат во сите три нивоа во обвинителската организација ниту еден од нив не е' вистински кадар и како второ, напролет, како што е познато, претстои генерален ремонт на обвинители , а нивната работа најсоодветно може да ја оценат нивните колеги од повисоките обвинителства, иако се разбира, битно е каква структура се пријавила на конкурсот. Инаку, сигурен сум дека г-динот Прчевски го очекува многу тешка и макотрпна работа. Имено, тешко е да се поверува дека обвинителите вклопени во вкупниот правно-политички амбиент - можат да бидат решение и лекот буквално за се во државата. И од нив, како од некакви маѓепсници со неизмерна моќ да се очекува преку ноќ да се справат со бројните девијантни појави, со нараснатиот криминалитет кој во последно време се јавува во најразновидни форми и облици, со корупцијата, како и со бројни други ситуации во кои се крши словото на законот.

Исто така, не треба да се има големи илузии и да се очекува дека обвинителството може да преставува некаков изземен сегмент во правниот систем, кој ќе воспостави совршен ред во државата во сепарацијата на доброто од злото на жртвата од сторителот. Сосема е јасно дека тоа е можно само во содејство со сите други сродни институции, кои во рамките на своите ингеренции, ќе овозможат правдата конежно да дојде и на овие простори. Тоа, треба да се признае, е тежок предизвик за обвинителството, особено во една земја како нашата, во која владее една општа неверица во (не) функционирањето на институциите, како и во можноста

да се заштитат основните права и слободи на граѓаните. Со еден збор, на изгубена доверба. Но, тоа не треба да значи дека работите можат и треба да и се препуштат на стихијата и да се крене раце од желбата и нашата држава да стане правна држава во вистинска смисла на зборот. Во која нема да има привилигирани и недопирливи, а законите ќе важат еднакво за сите. Без оглед, кој и колку се огрешил пред законот!

Обвинителството премногу долго беше затворено во својата чаура и се наоѓаше во една инфереиорна положба. Чекаше некој друг да го поттурне во акција, за да може да делува. Прашање е само - колку тоа било по сопствен избор, или пак, таквата улога некој друг му ја наметнал. Во услови на објективна законска врзаност на рацете, на нерамноправен и докрај изграден однос во релациите со полицијата и со судовите, лош материјален статус во општеството обвинителите можат да бараат и да најдат логишно оправдување - зошто не сториле повеќе од она што од нив се очекувало. Но, тоа не значи дека можат да бидат комплетно амнестирани од одговорноста за нивото за сопствената ангажираност и ефикасност. Сепак, се чини, дека и дури и во вакви “тесно” скроени законски прописи, не се докрај искористени сите можности за едно поагресивно и квалитативно поубедливо постапување. Новиот државен обвинител го очекува многу тешка и макотрпна работа не само заради потребата нашите декларации за борба против криминалот и корупцијата да бидат преточени во дела, туку и заради огромните незавршени задачи кои во наследство му ги остави неговиот претходник, почитуваниот и незаборавен Ставре Џиков. Тој од нас ја добива обврската да стартува остро и жестоко против секој што се огрешил кон законите. Безмислосно мора да влезе во конечната пресметка со организираните форми на криминал кои и се закануваат не само на сигурноста и безбедноста, туку и на иднината на Република Македонија. Ќе се согласите дека тоа што му недостига на Обвинителството е прецизирање на надлежностите во релациите со МВР, особено во делот на предкривичната постапка. Не ретко полицијата, си “дозволува” селекција на доказите, што во голема мерка им ја отежнува работата на обвинителите, како и неквалитетно подготвените кривични пријави, непоткрепени со валиден докажен материјал. Битен момент е и финансирањето на обвинителството, кое е зависно од Министерството за финансии.

ЛДП бара и инсистира судството и обвинителството да бидат оставени на мира. Поле за политички натпревар меѓу нас треба да биде Собранието, дебатите, а не институциите кои имаат задача да ги гонат и казнуваат криминалците. Значи мора да го ослободиме од какви било притисоци и сведување на неговата улога, во улога

на лице кое ќе прифаќа или ќе се брани од притисоци, зошто во меѓувреме, им се остава слободен простор на криминалците од сите редови да се престројат.

Ние од ЛДП нема да ја дадеме својата бланко поддршка без своевидна гаранција од новиот обвинител  дека битката против криминалот и корупцијата ќе продолжи, без компромиси и пазарења. Мора енергично да се продолжи со санкционирањето на сторениот криминал. Тоа е добро и за опозицијата и за позицијата, и што е најважно, тоа е добро за РМ.  Но,  во  оваа  држава  мора  да успееме да ја искорениме практиката на договорно почитување или непочитување на правото. **Сега, кога антикорупциската кампања е во полн налет** , можеби како никогаш досега е , не' потребно, туку неопходно правната држава да важи за секого. Т.е. на вагата на правдата еднакво да се одмеруваат криминалните незаконски дела. Ветивме како нова власт дека во пресметка со криминалот и корупцијата  никој нема да биде поштеден, односно дека во пресметката со ова зло никој не смее да остане настрана. Тоа важи, не само за пратеници, министри и директори, туку и за премиери. Сите сме еднакви пред законот.

Сосема е јасно дека на вашата работна маса катадневно ќе добивате нови и' нови доказни материјали за сторениот криминал на претходната власт, бидејќи навистина го има премногу , но постои опасност од стариот да не го здогледате и новиот пристигнат материјал за новите државни функционери од ЛДП, СДСМ, ДУИ. Значи, граѓаните вистински ќе  ви веруваат вам, како нов државен обвинител и ќе ни веруваат нам, како нова власт, во оној момент кога ќе се уверат дека имаме намера да го  санкционираме криминалот кој што е сторен не само до 15 септември, туку и по него.

Транспарентноста во работењето на јавниот обвинител е повеќе од потребна бидејќи граѓаните мора знаат што тој работи и колку тој работи, а се со цел да се врати изгубената доверба во функционирањето на правната држава. Во тој правец, но и во правец на одговорност во работењето на јавниот обвинител би предложил, иако за тоа сеуште, колку што ми е познато нема обврска да јавниот обвинител најмалку еднаш годишно да мора да поднесе извештај за својата работа на Собранието на Република Македонија. Зошто да не, можам тоа да го наречам и отчет кој го бираат јавниот обвинител. Тоа верувам ќе стане и обврска по усвојувањето на новиот закон за Јавно обвинителство, на чии што концепт работи работна група при Министерството за правда.

Од име на Пратеничката група на ЛДП ќе го поддржиме овој предлог. Но ќе бараме навистина, стручна компетентна работа ќе бараме Законот да важи за сите и за опозицијата поранешна и сегашната власт.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

За реплика се јавува г-ѓата Ганка Самоиловска-Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВСКА:

Најнапред ме радува што двете спротивставени страни, во случајот ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП ја споделуваат дилемата околу изборот на јавен обвинител, кој не доаѓа од обинителската фела.

Морам да кажам дека дел од излагањето на пратениците од позицијата, не натера да се чувствувам дека се наоѓам во екот на предизборната кампања и би сакала само да потсетам дека на 15 септември, коалицијата За Македонија го освои мнозинството гласови, со што можеше да ја формира и актуелната Влада, но очигледно дек анекои пратеници и функционери од извршната власт им е поедноставно да останат во филомот на предизборните ветувања, затоа што факт е дека многу е поедноставно да се ветува, отколку да се сработува.

Тоа што г-динот Кондарко ни ги наброја критериумите за избор на обвинител, односно критериумите кои не ги исполнил г-динот Џиков, па заради тие причини бил сменет, не можам да кажам дека е задоволувачки, затоа што во најмала рака сакавме да слушнеме такстативно аргументации за неговото не совесно и нестручно работење.

Од тие причини, ценам дека новиот избран обвинител, се разбира дека ќе го изберете заради мнозинството на гласови, ќе го следи сенката на режимски обвинител. И бидејќи ми беа упатени голем број на пораки и препораи за тоа како треба да работи и да си ја извршува должноста, односно функцијата во иднина, си дозволувам јас да дадам една препорака и порака, да почне со процесуирање на кривичната пријава, која е поднесена пред или две години, ве молам, не ме држете сигурно за збор, за актуелниот државен секретар во Министерството за култура и кажавте дека ВМРО-ДПМНЕ се разликуваат од СДСМ, јас навистина се радувам и фала богу што се разликуваме како политички партии и опции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господе Самоилова на кого вие реплициравте? (На Кондарко).

Би сакал да утврдиме правила од сега реплики после помината дискусија, а јас не можам да знам кои се реплики кои се дискусии, сигнализирајте ми со рака, меѓутоа, да утврдиме правило по кое нема да се повикуваме на реплика на некој пред тројца дискутанти наназад. Имено, имавте постапно да почнуваат репликите, првенствено право на дискусија да добие некој, наместо да изнесе навод кој можеби бил погрешно, или поинаку сфатен.

Сега Жерновски немате право на реплика по овој случај.

Се јавува Кондарко има право една минута.

Има реплика на репликата.

БОРИС КОНДАРКО:

Една минута претседателе ќе ми биде сосема доволна за госпоѓата Ганка. (Во салата настанува општа смеја).

Ве молам да не ми одземате време од минутата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете една минута цела.

БОРИС КОНДАРКО:

Сакав да појаснам, сосема е доволно време да се одговори на репликата на госпоѓата Ганка.

Прво, нејзината реплика се однесуваше, односно таа почна да зборува за дневниот ред, воопшто тоа не беше на дневен ред за државниот секретар за култура, така што мислам со репликата тотално го промаши дневниот ред на денешната дискусија.

Втора работа, госпоѓата Ганка беше отсутна на седницата кога се разрешуваше обвинителот Џиков и каде што беа такстативно наброени аргументите кои се бараат од опозицијата за лошото работење. Значи, опозицијата тогаш не беше присутна, а овдека се водеше расправа и беа кажани аргументите.

Трета работа, воопшто никаде не е наведено дека јавен обвинител задолжително мора да биде избран само од редот на обвинителите, така да не постои никаква процедурална и правна пречка за тоа.

Четврта работа, ова што го кажавме денеска не е занес од предизборната кампања, туку претставува конкретно исполнување на она што беше кажано во предизборната кампања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега има реплика една минута г-динот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Јас се обидувам да зборувам аргументирано и доколку го прочитате извештајот на Европската комисија за состојбите во Република Македонија, ќе ја цитирам реченицата дека работата на јавниот обвинител е формална. Значи за Ставре Џиков. Само толку.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јавува г-динот Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во навистина, инспиративното обраќање на г-динот Жерновски, јас за момент се запрашав дали моторна сила во Владата е ЛДП и од кога дојде премиерот, но потоа се врати во реалноста. Реалноста вели вака: Иако тој предизборен занес за кој зборуваше госпоѓата Самоилова, јас се согласувам со неа, сеуште е очигледен , особено кај г-динот Жерновски и би сакал да видам кога правната држава функционира на пример во село Шемшево. Мислам дека тоа е добар почеток за како ќе функционира во иднина правната држава во Република Македонија. Ја знаеме завршницата на случајот во Шемшево.

Што се однесува до обидите на претставниците од водечкото мнозинство овде да докажат дека апсолутно нема никаква политичка заднина при овој чин за избор на државен јавен обвинител, би сакал да истакнам дека г-динот за чие именување расправаме, беше член на изборната регионална комисија во изборната единица број 5, предложен од СДСМ, а сите бевте согласни во времето кога се подготвуваа изборите, и ВМРО и СДСМ и другите помали партии, кои партиципираат или не партиципираат овде во Собранието, впрочем и претставниците на Меѓународната заедница, дека актуелната Влада, значи, тогаш станувашe збор за Владата на г-динот Ѓеорѓиевски, на најдобар можен начин, контролата практично, на самиот систем на спроведување на изборите, што дотогаш не се случило во РМ, апсолутно ја препушти во рацете на членовите на тогашната опозиција, значи на СДСМ, за да се избегнат било какви дилеми околу изборниот резултат.

За жал, политичката конотација за целиот овој случај, не функционирањето на правната држава, ќе се продлабочува и понатаму во РМ. Би потсетил само дека еден од членовите на антикорупциската комисија, која е формирана на начин , за кој го кажавме нашето мислење овде во Собранието, беше последниот , ако не се лажам Републички секретар за внатрешни работи, тоа е во времето на почетоците на плурализмот во РМ, тоа се пакувањата со бугарските  летоци во Охрид, тоа е пристапот до политичките досиеја и водењето на политичките досиеја, пред се на раководството на ВМРО-ДПМНЕ и сите оние полициско-шпионски конструкции кои

беа превземени против ВМРО-ДПМНЕ од 1998 година, со цел да се покаже некаква заентересираност на ВМРО-ДПМНЕ за некакви промашени политички инвестиции и намери што сакаме да ги наводно да ги спроведем. Бидејки 8 години се обидуваше, би ја нарекол таа клика со тој начин, со промената на изборите, би сакал да истакнам дека сега е сменета тактиката, со цел да се дискредитираат сите членови и симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ кои имале било каква допирна точка со извршување на некоја јавна функција како корумпирани и криминални квалификативи кои ги читаме во весниците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам, веќе времето сериозно ви измина, влеговте во петтата минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ќе се јавам за дискусија подоцна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ваше право е јавете се кога сакате.

Меѓутоа, не можеме по пат а реплики да дозволуваме пет минути , ни за вас ни за другите.

Г-дине Жерновски имате една минута.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Не знам за каков предизборен говор зборуваат претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, ког ајас го зборувам она што ви одговара. Јас како претставник на владеачката партија, барам колку што ќе се санкционира криминалот набројан до 15 септември, да се санкционира криминалот направен од 15 септември.

Ако вам ви е чудно што еден политичар ќе може да размислува така, тоа е друг проблем. А како вие ја гледате правната држава и како ја практикувавте, сетете се на примерот на министерот Пауновски, кого вашиот лидер на партијата излезе и рече дека од овој момент откога пукна аферата дека партијата ја превзема правдата во свои раце, дека се прави партиски суд, па доколку тој констатира дека има направено неправилности, тогаш ќе биде даден на редовен суд.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам. За збор се јави г-динот Абдилаќим Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници,

Бидејки денеска на дневен ред го имаме изборот на главниот правобранител на Република Македонија, јас во случајов сакам да го дадам своето мислење, во врска со значењето и професионалната работа, која треба да ја извршува оваа личност, односно институцијата.

Добро е познато дека од професионалноста, транспарентноста, почитувањето на законите и другите правни акти од страна на јавниот правобранител , зависи и почитувањето на другите акти, а особено на оние кои што се на одредени високи функции.

Така од обвинителот зависи вов рска со сите оние кои ја злоупотребуваат функцијата или пак од јавниот обвинител зависи имиџот или сликата на правната држава, така како што претендира Македонија.

Досегашното искуство кажува дека Македонија, од самото осамостојување до денеска ја следеле разни афери што досега нецелосно се истражни. Пред се тоа е атентатот врз бившиот претседател на државата, аферата со оружјето, аферата на прислушкување на телефоните и друго.

Се сеќаваме и на 2000-та година како година на трагедија и од аспект на монитарни политички процеси што беа инсцелирани во обвинителството. Работата на обвинителството беше проследена со неосновани монтирани процеси, поделба на национална основа за време на обвиненијата. Познато ви е обвинувањето во врска со оружјето и други распрскувачки материјали соработка за антинепријателска дејност, најтешки обвинувања за форми за тероризам и други обвинувања. Со овие обвиненија беа обвинети голем број луѓе Албанци од различни краишта.

По настаните во 2001 година се наметна како иманентна потреба усвојување на Законот за амнестија, со кој што беше ставен крај на сите обвиненија за извршени дела што имаа врска со настаните во текот на 2001 година, а за секое обвинение што може да се подигне против сомнителни лица, надлежен е Хашкиот трибунал.

По усвојувањето на Законот за амнестија, активностите на Обвинителот беа да се попречи имплементирањето на овој закон. Овде треба да се спомне дека и по усвојувањето на овој закон повторно во затвор се држат луѓе кои немаат никаква кривица, за лица кои се обвинуваат за дела што се под надлежност на Хашкиот трибунал. По неколку препораки од Хашкиот трибунал за почитување на Законот за амнестија и ослободување на сите уапсени за кои се сомневаат дека извршиле дела поврзани со конфлилктот во текот на 2001 година, Јавниот обвинител не одговори на овој апел на Хашкото обвинителство. Подобро речено работеше според сценариото што претходно го направи тој. Тој, на овој начин, навистина ја оштети многу

институцијата на чие чело е, номислам дека пред се го оштети имиџот на државата. Можам само да кажам дека главна пречка за имплементацијата на Законот за амнестија односно неимплементацијата беше токму Јавниот обвинител. За чудење на сите ниту едно обвинение не беше подигнато од страна на обвинителот за случајот на исчезнатите Албанци. . .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Адеми, ако сакате, ќе продолжите со дебата, не ве прекинувам, со оглед дека на минатите две седници беше процедурата за разрешување на претходниот обвинител, сега сме во процедура за избор нов обвинител, не ви правам проблем, меѓутоа би ве упатил да се концентрирате на кандидатот за избор а не на минатото, на тоа што веќе две седници го расправавме по повод разрешувањето.

Слободно продолжете, извинете што вака ве прекинувам, бидејќи точката на дневен ред е именување на нов а не работата на претходниот обвинител. Тоа веќе на два пати го расправавме. Само ве упатувам, слободно продолжете.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Ќе ја прифатам вашата забелешка ќе ја скратам мојата дискусија и ќе се концентрирам на работата што треба да ја извршува обвинителот кого ние треба да избереме денеска.

Мислам дека тој треба да се концентрира на борба против организираниот криминал, против корупцијата и да биде во служба на граѓаните на Македонија, да го имплементира Законот за амнестија во согласност со член 1 алинеја 1 од овој закон. Се надеваме дека идното обвинителство нема да го следат афери и необјасниви процеси.

На крајот, дозволете ми да кажам дека Парламентарната група на Демократската унија за интеграција ќе ја поддржи кандидатурата на кандидатот Александар Прчевски врз основа на она што го кажав претходно.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Адеми. Благодарам за конструктивноста во врска со мојот предлог.

Има збор господинот Бошкоски Љубе.

ЉУБЕ БОШКОСКИ:

Господине пртседателе, претставници на Владата на РМ, почитувани колеги пратеници.

Денеска Република Македонија, односно законодавниот дом, согласно Уставот на РМ, бора јавен обвинител. Колешката како правник, заменик министер, многу јасно ја дефинира позиционираноста на обвинителот во една правна држава, неговите овластувања што произлегуваат од Уставот на РМ, а тоа е да ги гони извршителите на Криви Дела и други Дела што се предвидени со законот и со Уставот на РМ.

Денеска, кога сите ние овде зборуваме за нашата Евроатлантска профилираност, кога сите денеска сме во едно сложни во овој Парламент дека Македонија треба да биде дел од Европа, Македонија треба да биде дел од НАТО, тогаш зборуваме исто така и за имплементирањето на европското и светското законодавство во РМ, особено во делот што се однесува на борбата против организираниот криминал, како еден од најтешките облици на криминал и корупцијата што е поврзана со секој носител на јавна функција или должност во секоја демократска држава, така и во Република Македонија.

Денеска сакам да истакнам дека не е точно дека секаде во светот се применува, на некој начин сега му реплицирам иако 50% и повеќе од дискусијата се согласив со претходниците и од Либерално-демократската партија и од Социјалдемократскиот сојуз, сепак имаме држави во светот што многу го ценат, особено САД и други Европски држави, имаме примери на држави во светот каде што обвинителот се избира под истите услови и на ист начин како што се избира и пратеник во иден законодавен дом.

Изборот на господинот Александар Прчевски денеска е тема на дневен ред. Александар Прчевски е претседател на Основниот суд во Битола, во времето кога ни се случува македонскиот економски, финансиски дебакл, а тоа е најголемата досега афера, покрај другите, за кои во овој парламент ќе зборуваме и пред македонската и пред светската јавност ќе изнесеме доволна аргументација и доказен материјал, бидејќи тоа ни го овозможува Кривичниот законик на РМ, бидејќи тоа ни го овозможува и Законот за кривична постапка во кој што се зборува дека не само по егзофицио, дека тоа може да го чини Министерството за внатрешни работи, но тоа може да го чони и поединец кој има елементи да поднесе кривична пријава до Јавното обвинителство. Тоа право ќе го искористиме овие денови и многу вршители на јавни функции ќе се соочат, кои сега вршат многу значајни државни министерски функции со сопствениот криминал за што се надевам дека новиот јавен обвинител подолго ќе се занимава.

Сакам да кажам, Прчевски е претседател на Основниот суд, ова за членовите на СДСМ, Либералната партија кои ќе гласаат денеска за предлогот, за да малку им разјаснам кого бираат, што не се согласувам дека другите осум членови кои беа исто така кандидирани, номинирани за јави обвинители не ги исполнуваат условите. Сметам дека секој друг, како што сметав и вчера, ќе беше подобар избор, од следниве пртичини:

Господинот Прчевски, претседател на основниот суд и во тоа време кога тогашниот премиер го најавува "октоподот" борбата против организираниот криминал, истиот тој премиер сугерираше а тоа беше и сторено, да се изземе Основниот суд Битола од водењето на постапката за ТАТ. Изземањето на судот значи изземање на 80-тина судии кои работат во Судот во Битола. Целиот процес беше пренесен во Судот во Охрид. Тоа беше направено само во делот, тука е и парадоксот, тука е она за што подолго ќе зборувам денес, тука е парадоксот што беше изземено само кривичното гоненење околу тогашната директорка и членовите на таканаречената штедилница или перална на пари на СДСМ во тоа време што се викаше ТАТ. Беше изземен само во кривичнто гонење и тој процес беше префрлен во Судот во Охрид.

Додека, оној момент што е поврзан со активата, со капиталот на ТАТ беше задржан во основниот суд во Битола преку претседателката на стечајниот совет госпоѓата Наумова, и преку тогашниот судија во Стечајниот суд г-динот, мислам дека се вика Стојменовски, не сум сигурен. Но, не е ни битно. Битно е дека госпоѓата Наумовска ја водеше постапката околу стечајот на овој македонски економски Чернобил - ТАТ кој со себе однесе 200 животи, како последица на самоубиства, на разочарување за што се покренати кривични постапки, а некои постапки што не можат да бидат завршени пред македонското независно судство се водат во Стразбург.

Сакам да ви кажам, исто така, дека штедажи во ТАТ, привилегирани штедачи во ТАТ биле луѓе од Основниот суд Битола. Кога ќе ви требаат докази ќе ви ги изнесам имињата. Не сакам денеска овде да бидам повикан. Ако бидам повикан ќе ви го дадам списокот на судии, внимателно, судии кои беа штедачи во ТАТ со привилегирани камати. Една од штедачите на ТАТ е и родената сестра на г-динот Александар Прчевски, за чиј морал денеска зборуваме, која беше обештетена во 100% износ. Тоа битолчни многу добро го знаат. Да не зборуваме за привилегирани камати на судии кои, исто така, беа исплатени во 100% износ за разлика од другите штедачи во ТАТ. Тогаш ни се случи грубото кршење на законот за што заменик

министерката за правда може да ме исправи, по егзофицио е поверзирано од мене, а тоа е делот кога г-динот Прчевски излегува пред македонската јавност и зборува дека активата на ТАТ е 10 милиони марки или сега ЕВРА, со сите овие промашувања и реални показатели, финансиски, изразени денеска додека го држам овој говор. За да Ревизорот. кој е должен да изврши ревизија на ТАТ констатира дека активата на ТАТ е 50 милиони марки, а Суперревизијата докажа дека е 70 милиони марки. Г-диот Прчевски изврши кривично дело злоупотреба на своите овластувања во тој период.

Јас денеска не сакам многу да должам, меѓутоа сакам вие господо, кои ќе гласате, да гласате за совеста и да гласате за моралниот лик на г-динот Прчевски. Јас не сакам да зборувам и да се спуштаме на оние малограѓански нивоа што можат да го следат секој човек во една експлозивна состојба, а тоа е дека г-динот Прчевски, што и самото име има голема симболика во неговото однесување има директни физички контакти со тогашниот лидер Менде Младеновски, еден од лидерите на ТАТ, директен вербален и физички контакт што завршува со прекршочни пријави во битолскиот ресторан “Три фенери” во една состојба што се нарекува агрегатна состојба.

Затоа дами и господо денеска кога ние ќе го избереме обвинителот на Република Македонија точно е дека ќе му оставиме многу предмети кои се гонат по егзофицио. Тука ќе му го оставиме предметот кој не го завршивме ние, најголемиот предмет за вашиот прв човек на партијата и првиот претседател на Република Македонија Киро Глигоров. Тука ќе ги оставиме предметите за прислушување. Исто така предметот кој не го ставивме на дневен ред од претходникот, претседателот на Комисијата а тоа е предметот со следењето, документирањето, водењето на политичката партија преку т.н. мерка темелник ВМРО-ДПМНЕ за нашата ориентираност по она познатото БНРС.

Сето тоа ова му го оставаме, му ги оставаме овие кривични пријави кои не знам од кои причини за функционери кои јас ги поднесов 1999 година, ги имам по име и презиме за сторено кривично дело, за вршители на јавни функции и вршители на директорски функции, сите тие пријави му ги оставаме на новиот обвинител. Зборуваме за моралното кредо денеска, зборуваме дали Прчески има капацитет, дали Прчески гледано слично, бидејќи признавам можеби и нашиот обвинител не беше многу сјаен и сиругно доколку го добиевме и овој мандат ќе беше разрешен од функцијата обвинител. Тоа јас така го мислам и тоа е мој личен став, но дами и господо да избереме повторно и да правиме исти грешки, грешките на нас да не

влијаат за мене е вршење повторно исто дело или враќање на местото од каде што треба да се почне гонењето. Затоа е голем парадоксот. Ако некој може денеска да ми одговори како можеше да биде изземен Основниот суд Битола само во кривичниот дел, а во делот околу обештетувањето на штедачите да остане во рацете на моралниот типос кој денеска ќе го изберете за обвинител г. Александар Прчески.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата и на другите органи на управата и почитувани претставници на Републичкиот судски совет.

Лично мислам дека треба да го поддржиме предлогот на Владата господинот Александар Прчесеки да биде избран на функцијата јавен обвинител на Република Македонија. Зошто?

Најпрво се зборуваше овде за работното искуство. Од оваа биографија јасно е дека овој кандидат има доволно работно искуство и во кривичната и во граѓанската сфера  и она што беше спомнато дека не постои никаква законска пречка за негово именување, не постои ни суштинска пречка за неговото именувње, бидејќи не само што тој работел во судството, тој работел, гледано од биографијата 9 години во областа на кривичното право и една година бил истражен судија што значи има десет години непосредна работа во кривичната сфера. Плус тоа  бил претседател на суд што значи неговото искуство, а и стручноста не може да биде во ниедна рака спорно. Оттаму не треба однапред да изразуваме недоверба кон него. Некој овде спомена дека можел да биде  некој професор на правен факултет, тоа е точно, или некој друг стручњак, адвокат и тн., бидејќи јавното обвинителство почитувани пратеници заедно со судството се два најважни сегменти во правосудниот систем. Но, не значи не само законски, туку и суштински дека исклучиво мора да биде од оваа сфера именуван, но во овој случај имаме токму од оваа сфера човек кој има искуство во областа на кривичното право. Затоа јас мислам дека тој со успех ќе ја обавува таа функција и заслужува да му се даде шанса. Не можеме анблок да отфрлуваме и да утврдуваме стручност или нестручност, бидејќи се гледа од биографијата дека долго време обавувал

одговорни функции во правосудството и со успех така да не смееме да изразуваме сомневање однапред.

Исто така, би сакал да нагласаме дека мислам да нема да биде отворен на притисоците на власта, како на поранешната, како што тоа го покажа а ќе го докаже и со сегашната власт бидејќи кога се инсистираше од тогашната власт да биде поставена госпоѓата Соња Николовска за стечаен управник на ТАТ тој тие притисоци ги одби и таа не беше назначена. Значи не зборуваме сега каква процедура била, меѓутоа, битна е суштината дека тој го одбил тој притисок на власта. Јас верувам дека овој  човек и на сегашната власт ќе одбива било какви притисоци и ќе докаже дека е отпорен на политички влијанија и затоа заслужува шанса да му дадеме почитувани пратеници.

Ова е прилика да позборуваме сосема накусо и за моделите на избор на јавниот обвинител. Беше споменато дека постои модел на непосреден избор. Тоа е доста редок модел на некои држави во САД и само во уште неколку држави. Потоа постои модел на избор обвинителот Владата да го избира, па потоа постои модел Владата да го предлага, како што имаме во моментот, а потоа Парламентот да го избира. Ако се сеќавате кога се носеше законот 1996 година за јавното обвинителство имаше предлог директно Владата да ги избира јавните обвинители. Тогаш на амандманите на повеќе пратеници се донесе такво решение односно се усвои такво решение таков модел Владата да го предлага обвинителот а Парламентот да го избира.  Меѓутоа, не значи дека не постојаст други модели и дека ние не треба да размислуваме за оние модели користејќи ги искуствата на земјите со развиена парламентарна демократија, кои што можат да се применат во нашите конкретни услови. Лично мислам како за јавниот обвинител и за судиите дека на нашите услуги најдобро одговара моделот за избор преку едно стручно и независно тело. Во иднина треба да размислуваме и да преземеме активности во тој правец. Ова стручно тело би било составено, според мое мислење почитувани пратеници од судии, од обвинители, од адвокати, професори и други правни стручњаци.

Постои модел на  чисто  експертско тело во светот и во Европа, меѓутоа постои и комбиниран модел во тоа тело да не биде сосема елиминиран Парламентот и дел од пратениците да учествуваат во тоа тело, но во никој случај мнозинството од пратениците не би можеле да бидат во ова тело. Значи, со тоа би се намалила, неможе никогаш да се исклучи можноста за политичко влијание при изборот , но би се намалила и ублажила можноста бидејќи експерите, оние кои се

компетентни би го избирале јавниот обвинител односно другите јавни обвинители како и судиите.

На крајот, исто така мислам дека треба да размислиме и за поактивна улога во нашиот систем на улогата на јавниот обвинител, затоа што според сегашната законска поставеност јавниот обвинител има овластување, меѓутоа, мали овластувања има и мали можности за активности во предкривичната постапка односно во постапката за прибирање на докази, така да во денешните услови според нашето законодавство...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шапуриќ Ве молам да се концентрираме на предлогот за избор на јавен обвинител, воведувањето на системот на обвинителството е предмет на Законот за јавно обвинителство.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Апсолутно, бидејќи се зборуваше за тоа и од претходните дискутанти, па сакам да им укажам само со неколку реченици во врска со ова.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Апелирам до сите бидејќи системот на јавното обвинителство е со закон врзано, а овде има предлог за избор.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Да, ама добра прилика е да поттикнеме размислување и кај пратениците и кај Владата, бидејќи на тој начин со неговата поактивна улога тој би бил во помала мера завиесен од МВР, а во сегашното решение обвинителот има мошност да ги ангажира за одреден период инспектори. Меѓутоа, тоа треба да се смени. Јавниот обвинител во секое време треба да има право да дава налог на МВР, на царинската управа, Управата за јавни приходи и другите надлежни органи со што би имал тој поактивна улога.

Јас токму во тој контекст верувам дека овие размислувања за измени на системот ќе ги поттикне и новиот јавен обвинител, господинот Прчесеки за кој верувам дека ќе биде избран и кој ја заслужува довербата со оглед на неговото работно искуство. Од овие причини ќе гласам за предлогот на Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам сите да се сконцентрираме на предлогот за избор не на обвинителството во целина. Затоа кога ќе дојде закон, или ако има потреба предложете измени на законот.

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во последниот дел од излагањето на господинот Шапуриќ во целост би се согласил во иднина да пристапиме кон разгледување, формирање на едно независно тело кое би го разрешило подоцна јавниот обвинител кој сега нејверојатно имате намера да биде избран од Собранието на РМ. Формирањето на едно такво тело како развој на севкупната демокреатска атмосфере кон која верувам дека сите овде присутни се стремиме и се залагаме. Верувам дека би нашле меѓупратеничка и меѓупартиска соработка доколку сме согласни, како што изгледа во овој момент дека би било можеби неопходно да размислуваме во иднина за промена на Законот за јавното обвинителство.

Изборот на начин како што е најавен во дневниот ред на оваа седница на Собранието на Република Македонија, само со еден кандидат, нешто во моето претходно обраќање споменав дека станува збор, барем од моја гледна точка, верувам дека и останатите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ се согласни за начинот како сега се практикува владеењето на извршната власт во Република Македонија. Видовме на каков начин ќе функционира правната држава со примерот на Шемшево и разврската како што оди таму и препораката на Владата , на господинот Црвенковски до македонците во Шемшево ја гледам на начинот, бидејќи ги испратија децата да учат во училиштата во соседните села и што е можно побрзо тие треба да размислат за нова адреса на живеење не само за ново училиште.

Понатаму, би го споменал можеби најсериозен во минатата година облик на тероризам во Република Македонија, а тоа е бомбата во Куманово која беше поставена пред училиште и само господ и среќата помогнаа и се успеа да се избегне обемна катастрофа, таа да биде активирана во моментот кога учениците го напуштаат училиштето. Понатаму следеа серија конфузни изјави на првите луѓе на Република Македонија одговорни за безбедноста и сигурноста на граѓаните и воопшто на Република Македонија . Според министерот за внатрешни работи и според тоа било дело на некој кукавица и лудак, а според министерот за одбрана тоа беше облик на урбан тероризам. Кога ќе ги компарираме овие две изјави верувам дека и поголемиот дел од јавноста беа збунети што всушност се случува во

Република Македонија. И до овој момент ние немаме апсолутно никаква информација какви оперативно тактички, технички, било кои други истражни инструменти кои ни стојат на располагање во двете институции се употебени за да се расветли овој навистина грозоморен чин што се случи во Куманово.
Истовремено, од друга страна во Република Македонија можете да прочитате дека некој е затворен заради одредени криминални дејства. Човекот ниту е известен по редовен судски пат, ниту пак има било каков официјален контакт со Министерството за внатрешни работи или со основното јавно обвинителство кое го покренало предметот против него, едноставно дознал преку медиумите дека тој иако физички се наоѓа во сопствниот дом веќе бил упатен на издржување на затворска казна. Значи ова спрега, неприродна спрега која е доста опасна за демократското живеење во Република Македонија, а на која бевме свесни во почетокот на 90-тите години повторно ја гледаме во една крајно репресивна форма без оглед што сакаме да постигнеме со прикачувањето, преку изразот на политичката волја на граѓаните на Република Македонија. Верувам дека повеќе од нив воопшто не помислиле дека вакво нешто може да се случува.

Во конкретниот случај за лицето за кое ние денес дискутираме како може носител на оваа јавна функција ние спомнавме дека во регионалната изборна комисија беше предложен член од редовите на СДСМ и исто така, најверојатно затоа што бил предложен од СДСМ се покажал како доста ревносен агитатор во одредени села во изборнаа единица број 5. Оттука е и нашата теза дека со изборот токму на ова лице од можни 8, такви се информациите со кои располагаме, станува збор практично за наградување и оневозможување обвинителството во иднина да се занимава со вистинските облици на криминал. Значи, по секоја цена и понатаму во Република Македонија ќе бидеме сведоци на онаа неприродна спрега која постои помеѓу политиката, дел од невладините организации, одредени новинско-издавачки куќи и обвинителството во смисла на пакување дезинформации, докажување сите овде зборувавме за правната легислатива, за процедурата, значи докажување низ процедурата дека и она што не е вистина може да биде вистина и обратно- секаде каде што актуелната власт би можела да биде загрозена доколку некој нејзин член биде замешан во било какви корупциски скандали нормално таа низ процедурата да биде максимално покриена. Ние бевме сведоци како политичка партија во минатите четири години дека постои еден исклучително опасен непрофесионализам и тивок бојкот кој се случува во рамките на судската власт. Практично докажани кривични предмети од МВР се губат по фиоките, исчезнуваат, се враќаат на повторна

доработка. Во секоја случај се користеа сите дозволени и недозволени процедурални можности кои стојат на располагање за истите тие кривични пријави или кривични процеси никогаш да не почнат и што е уште пострашно никогаш да не добијат ниту своја правна завршница.

Токму на овие примери, на овој тивок бојкот по повод денешната точка за која расправаме јас гледам само дека дел од СДСМ навистина има намера старите позиции и старите врски да бидат зацврстени, да не се случува некој слободен играч да отпочне пријава која е ефектуирана односно пред- истражната постапка завршена во времето кога министер за внатрешни работи бил господинот Љубе Бошковски. Значи селекцијата на кривичните предмети ќе биде максимално внимателно и добро обработено.

Конечно, ние денес ратификувавме една спогодба која се однесува на соработка меѓу Репбулика Македонија и Република Бугарија во областа на трговија со дрога, трговија со оружје, трговија со бело робје, наркотици, па вие бидете свесни дека денес во извршната власт, според информациите со кои сигурно и вие располагате постојат луѓе кои токму тие активности долги години биле извор на нивната егзистенција и тоа што на финансиското ангажирање и понатамошните ангажмани кои ги имале.

А истовремено се декларираме дека Република Македонија преку посочувањето на одредени извештаи на кризните групи, посочувањето на извештаи на други меѓународни организации дека ние сме, без малку, прогласени во светот како да сме ја изнудиле корупцијата како светски феномен. Но, тоа едноставно не е точно, а за тоа сме свесни повеќето од нас кои седиме овде дека тоа едноставно не е точно, дека кампањски против корупцијата не може да се излезе на крај. Токму тоа се случува сега во овие први месеци од владењеето на Социјалдемократскиот сојуз за да се скријат вистинските проблеми, за да се скријат бомбите во Шемшево, учениците, за да се скрие етничкото чистење во околината на Тетово, во околината на Гостивар. За да се скријат оние бравурозни изјави од Министерството за одбрана дека ќе бидат продавани хелихоптери, авиони, дека среќа што има висок снег на планините, па ни ги обезбедуваат границите.

На крајот на краиштата самиот претседател на Владата господинот Бранко Црвенковски оствари посета на Белград, па потоа неговите портпароли ги искршија јазиците за да најдат политички, коректен термин како да ги именуваат терористите, ако не повеќе како терористи. Додека домаќините ги употребуваа термините опишувајќи ги минатогодишните случувања и на Косово и во Македонија

и во Јужна Србија, зборувајќи за иднината на целиот проблем дека постои сериозна загрозеност од терорирам во овој регион на Југоисточна Европа, без при тоа да користат било каков еуфемизам. Додека, за жал, македонскат официјална делегација, барем од она што јас имав прилика да го видам преку медиумите, не би го искористил тука зборот еуфемизам, повеќе би сакал да го искористам терминот лицемерност, се обидоа да ги релативизираат работите. Ние имаме навистина сериозен процес на закочување на демократските реформи во Република Македонија, почНувајќи од цивилната, невладината сфера. Само погледнете го степенот на медиумската слобода и степенот на развојотн а медиумите во Република Македонија во периодот 1996 - 2002 година, вие сте свесни дека .......

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трендафилов, ако сакате, јас сум должен да ви укажам дека веќе пет минути апсолутно сте вон темата, а вие можете да продолжите, меѓутоа, по Деловникот ви укажувам дека сте вон темата.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Токму за тоа, токму тоа сакам да го кажам, затао што јавниот обвинител се информира и преку средствата за јавно информирање, дека Јавното обвинителство е исто така должно да ги следи случувањата и да ги оневозможува согласно новите законски прописи кои важата во Република Македонија во однос на монополското работење.

Но, од сето тоа не гледаме дека се случува нешто посрериозно. Јас уште еднаш ќе потенцирам дека сериозно на овој начин ја гушиме демократската атмосфера во Република Македонија, затоа што денеска, вечерва овде слушаме исклучително тешки квалификации за моралниот карактер на господинот Александар Прчески во контекст на неговото инволвирање во аферата “ТАТ”. Мислам дека тоа би требало како дилема да ни биде присутно овде пред сите во моментот кога ќе решиме дали ќе гласаме за или против господинот Александар Прчески, но поучени од искуствата во минатото кои се случувале во Република Македонија, мислам дека овој парламентарен состав не треба да дозволи да ги повторува грешките кои се случуваат во Република Македонија. Затоа што, ќе истакнам уште еднаш, сериозно ќе бидеме опсервирани и понатаму од Меѓународната заедница, сериозно ќе биде апсолвирани од меѓународните институции кои се занимаваат со кршењето на човековите права. Веќе во Република Македонија се кршат човековите права на начин како што се кршеа во почетокот на

плурализмот во Република Македонија. Не би сакале истата слика повторно да се случува во земјава.

Нашиот конструктивен пристап во работењето на Собранието на Република Македонија впрочем го покажавме и во минатото и како позиција, а го покажуваме повторно овие денови. Секогаш дека кога станува збор за националните, за виталните стратешки прашања кои ја допираат Република Македонија дека во ВМРО-ДПМНЕ секогаш има партнер за соработка. Тоа впрочем го докажавме уште во минатото кога бевме дел од вонпарламентарната опозиција, во времето кога беше .......

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трендафилов, дозволете, согласно член 87 став 3, по втор пат ве опоменувам, дека сте скроз надвор од темата. Продолжете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Завршив.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Завршивте со говорот? Благодарам.

Со оглед дека е 17,оо часот, освен ако нема некој од пријавените за реплика? (Нема)

Со оглед дека е 17,оо часот, има доста пријавени, ја затворам работата за денеска, а ќе продолжиме во вторник во 10,оо часот.

(Пратениците реагираат на 10,оо часот, бараат седницата да започне во 11,оо часот)

Добро, продолжуваме во вторник во 11,оо часот.

Има уште шест пријавени за дискусија по оваа точка.

(Седницата прекина со работа во 17,оо часот)